# 46

НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# НОТАРИУС

CHAMBRE DES NOTAIRES
DE LA RÉPUBLIQUE
DE MACÉDOINE DU NORD



Издавач:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Главен и одговорен уредник:
нотар **Игор Ефремоски**

Редакциски одбор:
нотар **Вјолца Мехмеди,**
нотар **Цеца Малева Стоев,**
нотар **Лидија Симонова Трајчева,**
**Садула Изаири,** судија во Основен суд Тетово
д-р **Горан Коевски,** редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје
д-р **Дејан Мицковиќ,** редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје

Адреса:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ**
бул. „8 Септември” бр. 2/2, 1000 Скопје,
Тел.: 02 3115 816
Секретар: 078 219 867
e-mail: contact@nkrm.mk
www.nkrm.org.mk
Даночен број: МК 4030998346127
Жиро сметка: 240010000006382
УНИ БАНКА АД Скопје

Лектор:
**ЗОРИЦА МАНАСКОВА**

Графички дизајн и техничко уредување:
**СТУДИО КРУГ Скопје**

Печати: **ПРОПОИНТ Скопје**

Тираж: **300** примероци

Изнесените ставови и мислења и презентираните факти во трудовите објавени во Нотариус се на авторите и не секогаш ги одразуваат ставовите и мислењата на издавачот.

Дел од терминологијата која се користи во текстовите, специфична за проблематиката на темите во весникот, е оставена онака како што мислеа авторите, без поголема лекторска анализа.

Од лекторот

# НОТАРИУС 46

## СОДРЖИНА >>


**ГЛАВА I**
ПРИРАЧНИК . . . . . . . . 5

ПРИРАЧНИК ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА НОТАРИТЕ КАКО СУБЈЕКТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ . . . . . . . . 7

**ГЛАВА II**
СТРУЧНИ ТЕМИ . . . . . . . . 23

ВАЖНОСТА И ВРЕДНОСТА НА НОТАРСКИОТ АВТЕНТИЧЕН – ВЕРОДОСТОЕН АКТ ВО СЕКОЈДНЕВИЕТО НА ТЕКОВИТЕ НА ПРАВНИОТ ЖИВОТ ВО ДРЖАВАТА
д-р Фиданчо Стоев, судија во пензија . . . . . . . . 25

НЕКОИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ДИСЦИПЛИНСКАТА ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРОТ
Теофил Томановиќ, судија во пензија . . . . . . . . 29

**ГЛАВА III**
ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊА ПОСТАВЕНИ НА НОТАРСКИ ДЕНОВИ . . . . 37

ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊА ПОСТАВЕНИ ПО ПОВОД НОТАРСКИ ДЕНОВИ
26 април 2025 г. . . . . . . . . 39

ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊА ПОСТАВЕНИ ПО ПОВОД НОТАРСКИ ДЕНОВИ
21 ноември 2025 г. . . . . . . . . 37

**ГЛАВА IV**
ГОДИШЕН ПЛАН ЗА
ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД ПРИМЕНАТА НА ЗСППФТ . . . . . . . . 47

**ГЛАВА V**
СЕНТЕНЦИ . . . . . . . . 47

**ГЛАВА VI**
ЈАВНИ ОПОМЕНИ . . . . . . 47

**ГЛАВА VII**
ИНФОРМАЦИИ ЗА НОТАРИ . . . . . . 57

ИМЕНИК НА НОТАРИ . . . . . . 59

ИМЕНИК НА ПОМОШНИЦИ НОТАРИ . . . . . . 84

# ГЛАВА I >>

## ПРИРАЧНИК

# ПРИРАЧНИК ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА НОТАРИТЕ КАКО СУБЈЕКТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

## I. ВОВЕД

Со овој прирачник се појаснуваат мерките, дејствијата и постапките што се должни да ги преземаат нотарите како субјекти (по член 5 точка 3) во откривање и спречување перење пари и финансирање на тероризам во согласност со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (во понатамошниот текст: ЗСППФТ).

## II. ЦЕЛИ:

- да се обезбеди ефективна примена на законските обврски од ЗСППФТ,
- да се намали ризикот од злоупотреба на нотарските услуги за перење пари и финансирање тероризам,
- да се зајакне правната сигурност и интегритетот на нотарската професија и
- да придонесе кон единствено разбирање и примена на одредбите од ЗСППФТ.

## III. Поважни дефиниции (член 2 од ЗСППФТ):

1) **„Перење пари“** се дејствијата предвидени со Кривичниот законик како кривично дело перење пари и други приноси од казниво дело;

2) **„Финансирање на тероризам“** се дејствијата предвидени со Кривичниот законик како кривично дело финансирање на тероризам;

3) **„Принос од кривично дело“** е принос од кривично дело согласно со Кривичниот законик;

4) **„Имот“** подразбира пари или други средства за плаќање, хартии од вредност, депозити, друг имот од секаков облик и тоа материјален или нематеријален вклучително и виртуелни средства согласно со закон, подвижен или недвижен, други права врз предметите, побарувања, како и јавни исправи и правни документи за сопственост и актива во пишан или во електронски облик или инструменти кои се доказ за имотни права или правни интереси;

5) **„Деловен однос“** е деловен, професионален или комерцијален однос, кој е поврзан со професионалните и деловните активности на субјектот од членот 5 од овој закон и за кој се очекува во моментот на негово воспоставување да има елемент на времетраење;

6) **„Клиент“** е физичко лице, правно лице, странски труст и сличен правен аранжман кое воспоставува, има воспоставено деловен однос со субјектот или извршува повремена трансакција;

7) **„Трансакција“** е уплата и/или исплата на готови-

на, уплата (прием) и исплата на депозит, размена на валути, пренос на средства, купување, продавање, размена, прием и пренос на виртуелни средства, склучување договори, набавка и купопродажба на стоки и услуги, продажба или отстапување на основачки вложувања, купопродажба или отстапувања на акции или удели, регистрација на хартии од вредност или пренос на хартии од вредност или друг имот и друга активност која ја вршат субјектите согласно со законските овластувања. Во осигурителната дејност подразбира уплата на премија и исплата на осигурена сума при доживување или исплата при штетен настан, аванс/заем или откуп на полисата за животно осигурување;

8) **„Поврзани готовински трансакции"** се две или повеќе готовински трансакции извршени во рок од еден работен ден од извршувањето на првата трансакција од страна на ист клиент или меѓу исти клиенти или вистински сопственици или извршени од страна на повеќе лица во корист на ист клиент;

9) **„Пари (парични средства)"** се парични средства согласно со членот 2 став (1) точка 79 од Законот за платежни услуги и платни системи (*);

10) **„Готовина"** се книжни и ковани пари кои врз основа на закон се во оптек во Република Северна Македонија или во странска држава;

11) **„Електронски пари"** се електронски пари согласно со закон;

13) **„Регистар на вистински сопственици"** е информациски систем кој овозможува прием, евидентирање, обработка, чување и размена на податоци и/или документи за вистински сопственици во електронска форма;

14) **„Програма"** е акт на субјектот кој определува правила, процедури и упатства за примена на мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам;

15) **„Овластено лице"** е лице вработено во субјектот и назначено од органот на управување на субјектот, кое се грижи за спроведување на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и за соработка со Управата;

16) **„Високо раководство на субјектот"** е лице кое со закон и интерните акти е овластено да управува и е одговорно за работењето на субјектот и кое има соодветни овластувања и функција да носи одлуки кои може да влијаат на изложеноста на субјектот на ризик од перење пари и финансирање на тероризам;

17) **„Правно лице"** е единица на локалната самоуправа, политичка партија, јавно претпријатие, трговско друштво, адвокатско друштво, установа, здружение, фондација, сојуз и организациски облик на странска организација, спортско здружение и друго правно лице во областа на спортот, финансиска организација и друга со закон определена организација регистрирана како правно лице и друг организациски облик на кој му е признато својството на правно лице;

18) **„Високоризични земји"** се земји кои не ги спровеле или недоволно ги спровеле меѓународните стандарди за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како и земји утврдени од страна на ФАТФ, Европската Унија како и земји за кои надлежните меѓународни тела бараат преземање на соодветни противмерки или земји утврдени во согласност со националната проценка на ризик;

19) **„Непрофитни организации"** се правни лица, правни аранжмани или организации кои примарно се вклучени во прибирање или прераспределба на средства за добротворни, религиозни, културни, образовни или социјални цели или друг вид на добротворни активности;

## IV. ОПФАТ НА ПРИМЕНАТА

Нотарите имаат обврска да применуваат мерки и дејствија (член 7 од ЗСППФТ) во случаите кога даваат правни услуги за нивните клиенти кои се однесуваат на следниве активности:

- **купување и продавање на недвижен имот и движен имот или давање под закуп на имот;**
- **управување со пари, хартии од вредност или друг имот или средства на клиентот;**
- отворање и управување со сметки во банка, штедни влогови, сефови или сметки за тргување со хартии од вредност (анг. Securities accounts);

- организирање на прибирање средства за основање, на работа или менаџирање на правни лица;
- основање, работење или управување со правни лица или правни аранжмани, купување и продажба на правни лица или правни аранжмани како и која било форма на помош, поддршка или совет, директно или преку друго лице за целите на продажба или купување на правни лица или правни аранжмани.

## V. МЕРКИ И ДЕЈСТВИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Мерките и дејствијата за откривање и спречување перење пари и финансирање на тероризам што нотарот треба да ги примени (член 9 од ЗСППФТ) се:

- изготвување проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам и нејзино редовно ажурирање,
- воведување и примена на програми за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам,
- анализа на клиентите,
- известување и доставување податоци, информации и документација до УФР во согласност со одредбите од ЗСППФТ и подзаконските акти донесени врз негова основа,
- чување, заштита и водење евиденција на податоци,
- именување овластено лице и негов заменик,
- спроведување внатрешна контрола и
- други мерки кои произлегуваат од одредбите на ЗСППФТ.

***НАПОМЕНА: Мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам (утврдување идентитет, вистински сопственик, носител на јавна функција, проценка на ризик на клиент и сл.) се преземаат кај сите правни работи што се опфатени во член 7, **БЕЗ ОГЛЕД НА ИЗНОСОТ НА ТРАНСАКЦИЈАТА.**

## ПРВ ЧЕКОР - ПРОЦЕНКА НА РИЗИК:

### 1) Проценка на ризик на ниво на субјект (член 11 од ЗСППФТ)

Нотарот треба да направи самопроценка – Проценка на ризикот на ниво на субјект, со цел да ги разбере ризиците и заканите поврзани со перење пари и финансирање на тероризам на кои е изложен или може да биде изложен, како на пример, корупција, криумчарење наркотици, даночна евазија и сл.

При идентификувањето на ризикот поврзан со клиентот, нотарот ги зема предвид ризиците поврзани со дејноста или професионалната активност на клиентот, неговата репутација, како и природата на неговото однесување.

Нотарот при изработка на проценката треба да ја земе предвид сопственичката структура – сложеноста на сопственичката структура, вистинскиот сопственик на субјектот, географската местоположба на субјектите во чија што сопственост е институцијата, видот на деловната активност/дејност што ја врши клиентот и сл.

**Проценка на ризик за субјектот** – нотар се изработува врз основа на Упатството за вршење на проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам донесено од Надзорната комисија на Нотарската комора (член 11 од ЗСППФТ) – ПРИЛОГ бр. 1.

Доколку има потреба, овој акт се усогласува со националната проценка на ризик и со упатствата донесени од надзорните органи.

Нотарот задолжително ја ажурира проценката на ризик пред да направи значителни промени во своите деловни активности и процеси кои можат да влијаат на мерките кои се преземаат со цел спречување перење пари и финансирање на тероризам, како и при воведување нов производ, услуга, активност или канал на дистрибуција, како и при воведување нови технологии, да спроведе проценка на ризикот со цел утврдување и проценка на тоа како промените влијаат на изложеноста на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам и должен е да преземе соодветни мерки за намалување и за ефикасно управување со ризикот.

### 2) Проценка на ризик на клиент (член 15 став (4) од ЗСППФТ)

Секој нотар е должен да изготви **Проценка на ризик на клиент** за сите трансакции и договори кои се однесуваат на активностите наведени во член 7 од ЗСППФТ, со цел да ги идентификува, процени, разбере и намали ризиците од перење пари и финансирање на тероризам, без оглед на тоа дали договорот се пријавува во УФР или неговата вредност е под 15.000 евра.

За да се изготви проценката на ризик на клиент, нотарот задолжително треба да ги земе предвид следниве 4 фактори:

- **клиент,**
- **држави или географски подрачја,**
- **производи, услуги или трансакции,**
- **канали на дистрибуција.**

Нотарот врз основа на Проценката на ризикот на клиент, изготвува матрица на ризик во која го утврдува степенот на ризик, на следниов начин:

- Клиент со низок ризик (оценка 1-3),

- Клиент со среден ризик (оценка 4-5),

- Клиент со средно висок ризик (оценка 6-7),

- Клиент со висок ризик (оценка 8-10).

Проценката на ризик на ниво на клиент означена со ПРИЛОГ бр.2 – **треба да се изготвува кога клиентот е со низок или со среден ризик.**

Проценката на ризик на ниво на клиент означена со ПРИЛОГ бр.3.1 (за правно лице) и ПРИЛОГ бр.3.2 (за физичко лице) – **треба да се изготвува кога клиентот е со средно висок или со висок ризик.** За секој клиент кој е класифициран како средно висок или висок ризик задолжително се врши засилена анализа во писмена или електронска форма. Во таквите случаи (средно висок, висок ризик), нотарот треба задолжително да ги примени сите мерки и дејствија што ги пропишува ЗСППФТ (на пр. засилена анализа).

***НАПОМЕНА: При спроведување на засилената анализа, од страна на нотарот ризикот на клиентот може да го намали доколку постојат објективни причини за тоа. Во сите случаи, резултатите од проценката мора да бидат документирани, образложени писмено и достапни за органите на надзор.

## ВТОР ЧЕКОР – ПРОГРАМА:

Нотарот треба да подготви и да применува Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам - ПРИЛОГ бр.4.

Програмата треба да ги содржи сите елементи опишани во член 12 од ЗСППФТ. Доколку има потреба, овој акт се усогласува и прилагодува на соодветните изменувања.

Нотарот нема обврска да ја доставува Програмата на одобрување и мислење до УФР, туку таа треба да се чува во архивата на нотарот и да се приложи на барање од органите на надзор.

## ТРЕТ ЧЕКОР – МЕРКИ НА АНАЛИЗА:

Нотарот е должен да изврши анализа на клиентот пред воспоставување деловен однос или пред извршување трансакција.

Мерките на анализа се:

- идентификација на клиентот и потврдување на неговиот идентитет со користење документи, податоци и информации од сигурни и независни извори,
- идентификација на лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот и потврдување дека тоа е овластено за тоа, како и потврдување на неговиот идентитет со користење документи, податоци и информации од сигурни и независни извори,
- идентификација на вистинскиот сопственик на клиентот и преземање соодветни мерки за потврдување на неговиот идентитет, со користење документи, податоци и информации од сигурни и независни извори со цел нотарот да е уверен дека знае кој е вистинскиот сопственик,
- разбирање и соодветно обезбедување информации за целта и намерата на деловниот однос,
- постојано следење на деловниот однос, кое се состои од:

- постојано следење на трансакциите кои се остваруваат во рамки на воспоставениот деловен однос со цел да се осигура дека овие трансакции се конзистентни со профилот на ризик и бизнисот

на клиентот, а во случај кога е потребно и утврдување на изворите на средства и

- осигурување дека документите и податоците обезбедени во рамки на анализата на клиентот се важечки, ажурирани и релевантни преку нивна редовна проверка, особено за клиентите со повисок ризик,

- Нотарите се должни да вршат проценка на ризик за секој клиент и да ја применуваат секоја мерка од анализата на клиентот, во согласност со профилот на ризик на клиентот.

## ЧЕТВРТИ ЧЕКОР – ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА КЛИЕНТИТЕ:

Нотарот е должен да изврши идентификација на клиентот и проверка на неговиот идентитет пред воспоставување деловен однос или пред извршување трансакција (членови 16 и 17 од ЗСППФТ).

Начинот на вршење на идентификацијата се разликува во зависност од тоа дали клиентот се јавува како физичко лице или како правно лице.

### 1. Идентификација на физичко лице:

Кога клиентот е физичко лице, неговиот идентитет се идентификува и се потврдува со поднесување оригинален и важечки документ за идентификација, издаден од надлежен орган. Нотарот е должен да го идентификува клиентот физичко лице врз основа на:

- **важечка лична карта, или**
- **патна исправа.**

Од документот за физичкото лице се утврдува име, презиме, дата и место на раѓање, место и адреса на живеалиште или престојувалиште, единствен матичен број или број за идентификација и број на важечкиот документ за идентификација, органот кој го издал документот и дата на важење.

При идентификацијата, нотарот:

1. врши увид во оригиналниот документ за идентификација;
2. проверува дали документот е важечки и ги содржи сите потребни елементи;
3. **задржува копија од документот во списите на предметот.**

***НАПОМЕНА: Оваа документација претставува доказ дека е спроведена идентификација и потврдување на идентитетот на клиентот – **физичко лице.**

### 2. Идентификација на правно лице:

Кога клиентот е правно лице се идентификува и неговиот идентитет се потврдува со документ за регистрација во оригинал или копија заверена на нотар, **издаден од надлежен орган на државата во која е регистрирано правното лице која не смее да биде постара од шест месеци**, вклучително и со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација на високо ниво на сигурност согласно со закон, доколку е возможно.

Документот за регистрација или основање се поднесува во хартиена и/или електронска форма.

**Документите за регистрација издадени од надлежен орган на странска држава, треба да бидат преведени на македонски јазик од страна на овластен судски преведувач.**

Кога клиентот е правно лице, нотарот е должен да ги утврди следниве елементи:

1. **субјективитетот на правното лице,**
2. **сопственичката структура,**
3. **управувачката структура,**
4. **вистинскиот сопственик** (лица со контролен интерес).

**Утврдување на субјективитет на правно лице (член 57 ставови (3) и (4) од Законот за нотаријатот)**

Субјективитетот на правното лице се утврдува врз основа на:

**Извод (тековна состојба) за правното лице издаден од надлежен регистар (Централен регистар на РСМ) во оригинал или заверен препис, на денот на составување на нотарската исправа за домашни правни лица.**

Кога клиентот е банка, осигурително друштво или странско правно лице, неговиот субјективитет се утврдува со документ за регистрација во оригинал или копија заверена на нотар, издаден од надлежен орган на државата во која е регистрирано правното лице **која не смее да биде постара од 30 дена од денот на составувањето на нотарската исправа.**

Нотарот е должен да обезбеди доказ во списите на предметот за утврдениот субјективитет.

**Идентификување и потврдување на лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот (член 18 од ЗСППФТ)**

Кога пред нотар се јавува лице кое дејствува во име и за сметка на клиент, нотарот е должен претходно да утврди дали постои валидно овластување за такво постапување. Нотарот задолжително врши идентификација и потврдување на идентитетот на лицето кое дејствува како застапник или полномошник, како и на клиентот, односно носителот на правата, врз основа на документи, податоци и информации добиени од сигурни и независни извори и валидна лична карта или патна исправа.

Нотарот е должен да **обезбеди полномошно со кое се докажува овластувањето за застапување, кое треба да биде приложено во оригинал или во копија заверена од нотар.** Истовремено, нотарот задолжително задржува копија од документите за идентификација и од полномошното, во хартиена и/или електронска форма.

Доколку документите се издадени или заверени од надлежен орган во странска држава, тие треба да бидат преведени на македонски јазик од страна на овластен судски преведувач.

**Утврдување вистински сопственик**

Нотарот е должен да го идентификува вистинскиот сопственик на неговиот клиент и да преземе соодветни мерки за да го потврди идентитетот на вистинскиот сопственик врз основа на податоци и информации од сигурни и независни извори, со кои е убеден и знае кој е вистинскиот сопственик на клиентот во обем соодветен на извршената проценка на ризикот (член 19 од ЗСППФТ).

Податоците за вистинскиот сопственик, нотарот е должен да ги провери од Регистарот на вистински сопственици, при што, не смее исклучиво да се потпре на податоците внесени во овој регистар.

Идентитетот на вистинскиот сопственик, нотарот го утврдува врз основа на оригиналната или заверената документација од трговски, судски или друг јавен регистар, која не смее да биде постара од шест месеци.

За странски правни лица, нотарот го утврдува идентитетот на вистинскиот сопственик врз основа на веродостојни документи издадени од надлежни странски регистри или независни извори.

Документот:

- **не смее да биде постар од 6 месеци.**

За вистинскиот сопственик – физичко лице, нотарот задолжително обезбедува:

- **копија од валидна лична карта или патна исправа.**

**Вистински сопственик на правно лице (член 20 од ЗСППФТ) е физичкото лице (лица)** кое крајно го поседува или го контролира правното лице преку директна и/или индиректна сопственост на доволен процент од уделите, односно акции или права на глас, како и преку друг сопственички интерес во тоа правно лице, вклучително и преку акции на доносители или друг облик на контрола.

Регистрацијата на вистинскиот сопственик може да се изврши на три начини:

- **Директен сопственик – физичко лице**

Лице кое директно поседува над 25% од уделите или 25% плус една акција.

- **Индиректен сопственик – физичко лице**

Индикатор на индиректна сопственост е сопственоста или контролата на физичко лице (лица) над едно или повеќе правни лица кои поединечно или заедно имаат над 25% од уделите или 25% плус една акција.

- **Физичко лице со друг вид контрола**

Лице кое има влијание врз донесувањето одлуки во правното лице, дури и ако не поседува удел.

## КЛУЧНИ ИНДИКАТОРИ НА СОПСТВЕНОСТ:

- **Директна сопственост:**

Кога едно лице директно поседува над 25% или 25% + 1 акција или соодветен процент од правата на глас.

- **Индиректна сопственост:**

Едно или повеќе физички лица се сметаат за индиректни сопственици ако преку едно или повеќе правни лица, поединечно или заедно, контролираат или поседуваат над 25% или 25% + 1 од уделите, акциите или правата на глас во правното лице.

- **Контрола преку други механизми:**

Доколку не може да се утврди физичкото лице кое поседува или контролира повеќе од 25% од

уделите, акциите или правата на глас преку директна или индиректна сопственост, како вистински сопственик се евидентира физичкото лице кое има највисока управувачка позиција во правното лице, односно лице кое во согласност со закон и интерните акти е овластено да управува и е одговорно за работењето на правното лице.

**Правно лице кое не е внесено во Регистарот на вистински сопственици**

Доколку правното лице не е регистрирано во Регистарот на вистински сопственици, нотарот е должен:

1. да го одложи воспоставувањето на деловниот однос, или

2. да го одложи извршувањето на трансакцијата

сè додека податоците за вистинскиот сопственик не бидат внесени во регистарот.

Во овие случаи, нотарот е должен **веднаш да ја извести УФР** по заштитен електронски пат, а доколку тоа не е возможно од технички причини, известувањето се доставува **во писмена форма.**

Доколку, пак, клиентот не подлежи на упис во соодветен регистар и нотарот не може да ги добие потребните податоци за вистинскиот сопственик на погоре опишаните начини, нотарот е должен податоците да ги обезбеди директно **со писмена изјава под полна морална и материјална одговорност, заверена на нотар на законскиот застапник или лице овластено од него пред да воспостават деловен однос или пред да извршат трансакција** – ПРИЛОГ бр.8.

**Несогласување на податоци за вистински сопственик**

Доколку нотарот утврди **несогласување помеѓу:**

- податоците за вистинскиот сопственик запишани во регистарот и
- податоците утврдени од нотарот при спроведената анализа на клиентот,

должен е **да ја одложи трансакцијата во рамки на воспоставен деловен однос или да го одложи извршувањето на трансакција и веднаш да ја извести УФР.**

## АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА

### 1. АД чии акции не котираат на берза

Вистинскиот сопственик се утврдува врз основа на: **Акционерска книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност,** која не смее да биде постара од 6 месеци.

За мнозинскиот акционер – физичко лице, нотарот обезбедува:

- копија од валидна лична карта или патна исправа.

### 2. АД чии акции котираат на берза

Во овие случаи нотарот **не утврдува вистински сопственик** доколку:

- акциите котираат на домашна или странска берза од држави кои ги исполнуваат меѓународните стандарди за спречување перење пари и финансирање на тероризам и
- податоците за вистинскиот сопственик се **транспарентни и јавно достапни.**

Нотарот задолжително треба:

- да обезбеди **доказ дека субјектот котира на берза што ги исполнува меѓународните стандарди за СППФТ, дека податоците се транспарентни и јавно достапни** (на пр. увид во веб - страницата на Македонска берза) и
- да изготви п**исмена анализа на клиентот,** која се чува во предметот - ПРИЛОГ бр.5.

***НАПОМЕНА: Доколку станува збор за клиент кој е странско АД, начинот на утврдување вистински сопственик е ист како и за домашно АД.

**Субјекти кои се должни да внесат вистински сопственик во регистар се:** трговски друштва, подружници и филијали на странски трговски друштва, странски трговец поединец, здруженија, фондации, комори, синдикати, политички партии, задруги, верски заедници, други организации, адвокатски друштва и правни лица чии акции котираат на организиран пазар на хартии од вредност и податоците за вистинските сопственици се транспарентни и јавно достапни.

**Субјекти кои не подлежат на оваа обврска се:** трговци поединци, лица кои вршат јавни овластувања (**нотари и адвокати**), буџетски корисници, правни лица во државна сопственост, правни лица во постапка на стечај или ликвидација, самостојни вршители на дејност.

***НАПОМЕНА: Од страна на УФР се донесени Упатство за начинот на идентификување на вистинскиот сопственик (ПРИЛОГ бр.6) и Упатство

за начинот на идентификување на вистинскиот сопственик на фондациите (ПРИЛОГ бр.7).

## ПЕТТИ ЧЕКОР - ИЗЈАВА ЗА НОСИТЕЛ НА ЈАВНА ФУНКЦИЈА:

Нотарот е должен да обезбеди изјава за носител на јавна функција од лицето учесник во постапката, како и од вистинските сопственици на правното лице (член 42 од ЗСППФТ) – ПРИЛОГ бр.9.

Кога странката е застапувана од полномошник, полномошникот може да даде изјава за носител на јавна функција во име на странката само доколку во полномошното е изрично наведено овластувањето полномошникот да даде таква изјава во име и за сметка на давателот на полномошното (на пр. Се овластува лицето Н.Н. во мое и за моја сметка да даде изјава дека СУМ/ НЕ СУМ носител на јавна функција).

**„Носители на јавни функции“ според ЗСППФТ** се:

а) физички лица на кои им е или им била доверена јавна функција во Република Северна Македонија или во друга држава, како:

- претседатели на држави и влади, министри и заменици или помошници министри,
- избрани претставници во законодавната власт,
- судии на врховни или уставни судови или други носители на високи правосудни функции против чија одлука, освен во исклучителни случаи, не може да се користат правни лекови,
- членови на органи на управување на супервизорски и регулаторни тела и агенции, државна ревизорска институција и членови на одбор на централна банка,
- амбасадори,
- офицери од висок ранг во вооружените сили (чинови повисоки од полковник),
- избрани и именувани лица согласно со закон и членовите на органите на управување и надзор на правни лица основани од државата,
- лица со функции во политички партии (членови на извршните органи на политичките партии),
- лица на кои им е или им била доверена истакната функција во меѓународна организација, како директори, заменици директори, членови на управни и надзорни одбори или други еквивалентни функции и
- градоначалници и претседатели на совети на општини.

б) За носители на јавна функција од потточката а) од оваа точка се сметаат лицата најмалку две години по престанокот на извршување на јавната функција, а врз основа на претходно спроведена проценка на ризик од страна на субјектите.

в) Поимот „носители на јавни функции“ вклучува и:

- членови на семејството на носителот на јавна функција и тоа: брачен другар или лице со кое носителот на јавна функција е во вонбрачна заедница, деца и нивни брачни другари или лица со кои децата на носителот на јавна функција се во вонбрачна заедница или родители на носителот на јавна функција,

- лице кое се смета за близок соработник на носителот на јавна функција е физичко лице за кое е познато дека има заедничка правна или вистинска сопственост врз правно лице, има склучено договори или воспоставено други блиски деловни врски со носителот на јавна функција или кое е единствен вистински сопственик на правно лице или правен аранжман за кое е познато дека се основани во корист на носителот на јавна функција.

***НАПОМЕНА: Во предметите во кои градоначалник или друг носител на јавна функција настапува во име и за сметка на органот или институцијата кој го претставува или застапува, НЕ ТРЕБА да се применуваат мерките за засилена анализа на носител на јавна функција, пропишани со ЗСППФТ (на пр. Засилена анализа по член 42). **Ова нема да важи кога носителот на јавна функција настапува во својство на физичко лице.**

Доколку нотарот се посомнева во вистинитоста на дадената изјава за носител на јавна функција, точноста на податокот за ФУНКЦИЈАТА може да го провери во ажурираната листа на јавни функции која ја води и објавува УФР на нејзината веб - страница или преку увид во веб - страницата на ДКСК или друг независен извор.

## ШЕСТИ ЧЕКОР - ЗАКОН ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ И РЕСТРИКТИВНА ПЛАТФОРМА:

Нотарот е должен да постапува во согласност со одредбите од Законот за рестриктивни мерки и Упатството на УФР (објавено на следниот линк: https://ufr.gov.mk/wp-content/uploads/2025/11/Image_001.pdf).

При воспоставување деловен однос со клиент, нотарот е должен да утврди дали клиентот, како физичко или правно лице, се наоѓа на листата на санкции, односно на т.н. консолидирана листа.

Консолидираната листа претставува единствена листа на санкционирани лица и субјекти, во која:

- се вклучени лица од различни извори, како што се одлуки на државата, меѓународни организации како Обединети нации и Европска унија, како и национални листи;
- листата е „консолидирана" затоа што ги обединува сите поединечни санкциски листи во една;
- се ажурира редовно, со додавање или бришење на физички и правни лица.

За исполнување на оваа обврска, нотарот врши проверка преку официјално објавената консолидирана листа, достапна преку надлежните институции, вклучително и преку веб -страницата и рестриктивната веб - платформа на УФР, или директно преку релевантните листи објавени од страна на Обединети нации, Европска унија, домашната листа на санкционирани лица објавена од страна на Владата на РСМ.

Оваа платформа нотарите треба **задолжително да ја користат при вршење анализа и соработка со УФР.** Рестриктивната веб - платформа е составена од 4 сегменти (делови) и тоа:

- Консолидирана листа (ги вклучува рестриктивните мерки воведени од страна на Обединети нации и Европска унија),
- Типологии и индикатори наменети за субјекти,
- Документи (инклузивна платформа за безбедна комуникација со субјектите и Управата) и
- Листа на ризични држави (објавени од страна на ФАТФ и ЕУ).

Од оваа платформа, на пријавените мејлови на нотарите, Управата праќа известувања и нотификации кога има новини, кои нотарите се должни да ги отвораат.

Пристапот до рестриктивната веб - платформа на УФР е ограничен само за овластените лица (нотарите) или замениците на овластените лица за СППФТ (значи може да се регистрира само еден профил, односно или овластеното лице или неговиот заменик, а не двајцата).

### Упатство за регистрација

Процесот на барање пристап до рестриктивната веб – платформа започнува преку националната шема за електронска идентификација, каде што неопходен услов е корисникот да има активна корисничка сметка. Пристапот до рестриктивната веб - платформа на УФР е ограничен само за овластените лица или замениците на овластените лица за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

**Линкот: https://restricted.ufr.gov.mk/ до платформата се наоѓа на банерот на почетната страна (десно) од оваа веб - страница.**

Барањето за регистрација содржи:

1. Лични податоци за овластеното лице (корисникот), и тоа: име, презиме, е-пошта, телефонски број, датум на раѓање, број на документ (лична карта/пасош), орган што го издава документот и важност на документот.
2. Податоци за субјектот и тоа: назив, адреса на субјектот, единствен матичен број на субјектот (ЕМБС), единствен даночен број (ЕДБ), официјална е-пошта на субјектот, категорија на субјект по член 5 од ЗСППФТ, име и презиме на законски застапник.
3. Електронски или дигитализиран (скениран) документ за овластување на овластеното лице и неговиот заменик во PDF формат.

## СЕДМИ ЧЕКОР –ПОЕДНОСТАВЕНА И ЗАСИЛЕНА АНАЛИЗА:

1. Поедноставена анализа – се применува кога клиентот претставува низок или средно-низок ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

2. Засилена анализа – се применува кога клиентот претставува средно-висок или висок ризик, или кога постојат сомнежи за перење пари и/или финансирање на тероризам, во согласност со одредбите на ЗСППФТ и упатствата од надзорните органи.

**1. Поедноставена анализа (член 38 од ЗСППФТ) се врши во следниве случаи:** кога во согласност со одредбите на член 11 (сопствената проценка на ризик) од ЗСППФТ кај клиентот/клиентите утврдиле дека постои низок ризик од перење пари и/или финансирање на тероризам.

При одлучувањето за примена на поедноставени мерки за анализа на клиентот, нотарот е должен да ги земе предвид и резултатите од националната проценка на ризикот.

Нотарот е должен да обезбеди соодветна документација во писмена/електронска форма врз основа на која ќе може да се потврди дека е дозволена примена на поедноставена анализа на клиентот и дека мерките на поедноставена анализа на клиентот се соодветни на степенот на ризик, без притоа да изработи посебен документ насловен како поедноставена анализа.

**2. Засилена анализа на клиент (член 39 од ЗСППФТ) нотарот задолжително применува во следниве случаи:**

Во случаите кога постои средно-висок или висок ризик од перење пари или финансирање на тероризам, утврден во согласност со член 11 (проценката на ризик на клиент) од ЗСППФТ или врз основа на национална проценка на ризик или во случај на сомневање за перење пари и/или финансирање на тероризам освен во случаите пропишани со членовите 40, 41, 42, 43, 44 и 45 од овој закон, **нотарот е должен да ги преземе сите мерки на засилена анализа на клиентот за соодветно управување со ризик, и тоа:**

- Обезбедување дополнителни податоци за клиентот и вистинскиот сопственик/вистинските сопственици,
- зачестено ажурирање на документи и податоци за клиентот (доколку се работи за долгогодишен и постојан клиент),
- обезбедување дополнителни податоци за природата на деловните односи и трансакциите на клиентот,
- обезбедување дополнителни податоци за изворот на средства и изворот на богатството на клиентот,
- обезбедување информации за причината за планираните или извршените трансакции,
- обезбедување одобрение од високото раководство за воспоставување нови или продолжување на деловните односи и
- засилено следење на деловните односи (доколку се работи за долгогодишен и постојан клиент).

***НАПОМЕНА: Спроведувањето на мерките на засилена анализа, нотарот е должен да ги документира и да ја направи таа документација достапна на органите на надзор.

Клиенти што се категоризираат со висок ризик во согласност со законските одредби и извршената проценка на ризик се:

- Клиенти - носители на јавни функции;
- Нерезидентни клиенти (во зависност од проценката на ризик и други фактори);
- Дејности кои интензивно работат со готовина;
- Невладини и добротворни организации;
- Офшор компании;
- Бизниси кои се лоцирани во држави со висок ризик;
- Клиент што не е физички присутен;
- Клиенти од држави кои не ги имплементираат мерките за СПП/ ФТ утврдени од страна на ФАТФ;
- Клиент со сложена сопственичка структура што во голема мера го отежнува идентификувањето на вистинскиот сопственик;
- Клиент што работи преку овластено лице, труст, застапник или трети страни и др.

***НАПОМЕНА: Нерезидентните клиенти не се категоризираат автоматски со висок ризик, но нивниот статус претставува ризик-фактор кој, во зависност од јурисдикцијата, транспарентноста и природата на деловниот однос, може да доведе до нивна класификација како клиенти со повисок ризик.

**Нотарот задолжително врши засилена анализа во следниве случаи:**

- Клиент кој не е физички присутен (член 41),
- Носители на јавна функција или лица поврзани со НЈФ (член 42),
- Клиент од високоризични држави (член 43),

- Непрофитни организации (член 44), и
- Сложени или невообичаени трансакции (член 45).

Во наброените случаи, нотарот е должен да направи анализа во писмена или електронска форма и да ја утврди потребата од доставување извештај (СТР) до УФР (член 65 од ЗСППФТ) – ПРИЛОГ бр.10.

- **Кога клиентот не е физички присутен во нотарската канцеларија (член 41 од ЗСППФТ), нотарот презема една или повеќе од следниве мерки на засилена анализа:**

  а) идентитетот на клиентот да го утврди со дополнителни документи, податоци или информации;

  б) да преземе дополнителни мерки со кои ги потврдува обезбедените документи или да бара документите да ги потврди финансиска институција од Република Северна Македонија, од земја членка на Европската Унија или од земја во која прописите предвидуваат приближно исти критериуми и стандарди за спречување перење пари и финансирање на тероризам, како барањата предвидени со овој закон, и

  в) првото плаќање да се изврши преку сметка во име на клиентот отворена во финансиска институција во држава која ги исполнува меѓународните стандарди за спречување перење пари и финансирање на тероризам и која спроведува најмалку исти мерки на анализа на клиентот пропишани како во овој закон.

- **Кога клиентот е носител на јавна функција или е лице поврзано со НЈФ (член 42 од ЗСППФТ), нотарот е должен покрај мерките утврдени во член 15 од ЗСППФТ да ги преземе и следниве мерки на засилена анализа:**

а) да воспостави системи за управување со ризик за да утврди дали клиентот или вистинскиот сопственик е носител на јавна функција, вклучително и да обезбеди негова/нејзина изјава;

б) да обезбеди одобрение од високото раководство пред воспоставување деловен однос со клиент - носител на јавна функција и/или вистинскиот сопственик, како и да обезбеди согласност за продолжување на деловниот однос со постоечки клиент - носител на јавна функција и/или вистинскиот сопственик кој во меѓувреме станал носител на јавна функција;

в) да преземе соодветни мерки за утврдување на изворот на богатството и изворот на средства на клиентот и вистинскиот сопственик/вистинските сопственици идентификувани како носители на јавна функција и

г) да врши постојано засилено следење на деловниот однос (доколку е применливо).

- **Кога деловен однос или трансакција вклучува високоризична земја (член 43 од ЗСППФТ), нотарот е должен да ги преземе следниве мерки при воспоставување деловен однос или извршување трансакција:**

1) обезбедување дополнителни податоци за клиентот и вистинскиот сопственик/вистинските сопственици;

2) обезбедување дополнителни податоци за целта и природата на деловниот однос;

3) обезбедување дополнителни податоци за изворот на средства и изворот на богатството на клиентот и вистинскиот сопственик/вистинските сопственици;

4) обезбедување податоци за причината за планираната или извршената трансакција;

5) обезбедување одобрение од високото раководство за воспоставување нови деловни односи или продолжување на постојните деловни односи и

6) интензивно следење на деловниот однос со зголемени и чести контроли, како и со понатамошна анализа од одредени примероци на трансакции.

Кога деловниот однос или трансакцијата вклучува високоризична земја, нотарот е должен, каде што е применливо, да побара првото плаќање да се изврши преку сметка во име на клиентот отворена во финансиска институција во држава која ги исполнува меѓународните стандарди за спречување перење пари и финансирање на тероризам и која спроведува најмалку исти мерки на анализа на клиентот пропишани како во овој закон.

Покрај наброените мерки, нотарот е должен да преземе една или повеќе мерки за намалување на ризикот, и тоа:

1) да преземе дополнителни мерки на засилена анализа;

2) да воведе дополнителни механизми за известување за трансакциите на клиентот или

3) да го ограничи воспоставувањето деловни односи или вршењето трансакции со физички или правни лица од високоризични земји.

- **Кога нотарот воспоставува деловен однос со непрофитни организации (член 44 од ЗСППФТ), должен е да преземе мерки на засилена анализа во врска со деловните односи и трансакциите со непрофитни организации кои претставуваат повисок ризик идентификуван според националната проценка на ризикот, како и непрофитните организации кои претставуваат повисок ризик согласно со проценката на ризикот од страна на нотарот и кои ги вклучуваат следниве елементи:**

1) обезбедување дополнителни податоци за клиентот и вистинските сопственици;

2) често ажурирање на документите и податоците за клиентот;

3) обезбедување дополнителни податоци за природата на деловните односи и трансакциите на клиентот и специфичните цели на непрофитните организации;

4) обезбедување дополнителни податоци за изворот на средства и изворот на имотот на клиентот и дополнителни податоци за корисниците кои ги добиваат средствата на непрофитната организација;

5) обезбедување информации за причината за планираните или извршените трансакции и

6) засилено следење на деловните односи (доколку е применливо).

***НАПОМЕНА: Нотарот презема мерки на засилена анализа само на оние непрофитни организации кои што согласно со националната проценка на ризик и сопствената проценка на ризик се дефинирани како повисоко ризични, односно нотарот не врши засилена анализа за сите непрофитни организации.

- **Доколку нотарот при воспоставување деловен однос или трансакција има сомнение за сложени, невообичаени трансакции (член 45 од ЗСППФТ), должен е да ги испита, колку што е разумно можно, позадината и целта на сите трансакции што исполнуваат барем еден од следниве критериуми:**

1) трансакцијата е сложена;

2) трансакцијата е невообичаено голема;

3) трансакцијата се извршува на невообичаен начин;

4) трансакцијата нема очигледна економска оправданост или правна цел и/или

5) отстапува од вообичаеното или очекуваното деловно работење на клиентот.

***НАПОМЕНА: Член 39 од ЗСППФТ е општ член и се применува за сите категории на субјекти каде што има средно висок или висок ризик од перење пари или финансирање на тероризам.
Членовите од 41 до 45 задолжително се применуваат за специфични категории субјекти, на следниве начини:
- Ако, на пример, клиент е НЈФ, задолжително се применува член 42,
- ако НЈФ е со висок ризик тогаш покрај член 42 задолжително се применува и член 39,
- ако клиентот доаѓа од високо ризична држава задолжително се применува член 43,
- ако се утврди низок ризик кај клиентот од високо ризичната држава, тогаш засилената анализа се изготвува во писмена форма што е предвидена во членот 43, но ако се утврди средно висок или висок ризик кај клиентот од високоризична држава тогаш се применуваат мерките од член 39 и член 43 од Законот.

## ОСМИ ЧЕКОР – ОДБИВАЊЕ ДЕЛОВЕН ОДНОС И ТРАНСАКЦИЈА (член 46 од ЗСППФТ)

Нотарот може да одбие да воспостави деловен однос или да го прекине деловниот однос со клиентот кога не може да ги спроведе мерките за анализа на клиентот од ЗСППФТ.
Во овие случаи, нотарот е должен да ја извести УФР по електронски пат, а доколку ваквиот начин на доставување е оневозможен од технички причини, нотарот го доставува известувањето во писмена форма.

Исто така, нотарот е должен да направи писмена анализа и да ја утврди потребата од доставување извештај до Управата во согласност со член 65 од ЗСППФТ (сомнителна трансакција).
Писмената анализа се чува во рок од десет години од нејзиното изготвување.

## ДЕВЕТТИ ЧЕКОР – ЗАБРАНА (член 58 и член 204 од ЗСППФТ):

Се забранува плаќање со готовина на стоки и услуги во **износ од 3.000 евра или повеќе** во денарска противвредност во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, што не е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги (член 58 став (1) од ЗСППФТ).

**Од 1 јануари 2024 година,** забраната за плаќање со готовина на стоки и услуги од членот 58 од овој закон, ќе се однесува на готовински плаќања во **износ од 2.000 евра или повеќе** во денарска противвредност во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, што не е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги.

**Од 1 јануари 2025 година,** забраната за плаќање со готовина на стоки и услуги од членот 58 од овој закон, ќе се однесува на готовински плаќања **во износ од 1.000 евра или повеќе** во денарска противвредност во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, што не е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги.

***НАПОМЕНА: Нотарите задолжително треба да ги побараат налозите за реализираното плаќање **од 1.000 евра или повеќе** извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги.

## ДЕСЕТТИ ЧЕКОР - ДОСТАВУВАЊЕ ПОДАТОЦИ (ИЗВЕШТАИ) ДО УФР:

### 1. РЕДОВНИ ИЗВЕШТАИ

Нотарите собраните податоци за составени нотарски исправи и нотарски заверки на потписи на договори со кои се стекнува право на сопственост на имот **во вредност од 15.000 евра или повеќе** во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на составувањето, односно заверувањето, наведени во договорот, како и составените нотарски исправи и нотарските заверки на потписи на договори од овој став ги доставуваат до Управата во вид на извештај во електронска форма најдоцна **во рок од три работни дена од денот на составувањето, односно заверувањето (член 64 став (1) од ЗСППФТ).**

***НАПОМЕНА: Вредноста на имотот се утврдува според пазарната вредност определена од надлежен орган (даночно одделение).

А.) ПРЕГЛЕД на договори кои СЕ пријавуваат во УФР:

1. Договор за продажба (на движен и на недвижен имот),
2. Договор за размена,
3. Договор за дар (на движен и на недвижен имот) – без договори со прв наследен ред,
4. Договор за пренос на удел,
5. Договор за заем на парични средства,
6. Договор за отстапување на побарување,
7. Договор за цесија кога е засебно правно дело,
8. Договор за заедничка градба, пренос на градба и соинвеститорство,
9. Договор за залог на недвижности (хипотека) – без договори поврзани со банки, штедилници и други финансиски институции,
10. Договор за залог на подвижни предмети - без договори поврзани со банки, штедилници и други финансиски институции,
11. Договор за подизведување на градба и
12. Договор за закуп чија МЕСЕЧНА закупнина е 15.000 евра или повеќе.

Б.) ПРЕГЛЕД на договори кои НЕ СЕ пријавуваат во УФР:

1. Договор за залог на недвижности (хипотека) поврзани со банки, штедилници и други финансиски институции,

2. Договор за залог на подвижни предмети поврзани со банки, штедилници и други финансиски институции,
3. Договор за кредит,
4. Договор за лизинг,
5. Договор за дар (на движен и на недвижен имот) со прв наследен ред,
6. Договор за отстапување на имот за време на живот,
7. Договор за распределба на имот за време на живот,
8. Договор за доживотна издршка,
9. Договор за физичка делба,
10. Наследни решенија,
11. Преддоговори за продажба.

## 2. СОМНИТЕЛНИ ИЗВЕШТАИ

Извештај за сомнителна трансакција (СТР) е збир на информации кои се подготвуваат и доставуваат од субјектите задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам до УФР во рок определен со ЗСППФТ.

Извештајот за сомнителна трансакција (СТР) според член 65 став (1) од ЗСППФТ, нотарот го доставува до УФР, **БЕЗ ОГЛЕД НА ИЗНОСОТ НА ТРАНСАКЦИЈАТА** кога:

1) знае, се сомнева или има основи за сомневање дека со трансакциите било извршено или се извршува перење пари и/или финансирање на тероризам или е направен или се прави обид за перење пари и/или за финансирање на тероризам, без оглед на износот на трансакцијата;

2) знае, се сомнева или има основи за сомневање дека имотот претставува принос од казниво дело или

3) знае, се сомнева или има основи за сомневање дека имотот е поврзан со финансирање на терористички акт, терористичка организација или терорист или лице кое финансира тероризам или со финансирање на оружје за масовно уништување.

**Сомнителната трансакција (СТР), според член 66 од ЗСППФТ, нотарот ја утврдува врз основа на:**

- непосредни сознанија за клиентот,
- листата на индикатори за препознавање сомнителни трансакции утврдени од УФР, субјектите и надзорните органи,
- консолидираната листа која се води согласно со прописите за рестриктивни мерки,
- типологии и трендови на перење пари или финансирање на тероризам,
- проценет ризик од перење пари и финансирање на тероризам и од утврдениот профил на ризик на клиентот и други релевантни информации.

За да ја исполни оваа обврска, нотарот најпрво треба добро да го познава својот клиент и неговото работење. Тој треба да ги препознае и идентификува трансакциите кои отстапуваат од вообичаеното работење на клиентот. Еден од факторите поради кои нотарот го започнува овој процес се индикаторите за препознавање сомнителни трансакции.

Индикаторите за препознавање сомнителни трансакции (СТР) се генерализирани форми на невообичаено однесување на клиентот кое може да биде основа за спроведување подлабока анализа на целокупното работење на клиентот и обезбедување дополнителни информации и документи.

Листата на индикатори претставува список на ситуации кои може да укажуваат на сомнителни ситуации кои најчесто се забележани кај различните типови на субјекти – ПРИЛОГ бр. 11.

**Пријавувањето сомнителни трансакции (член 65 од ЗСППФТ)** е обврска која нотарот ја исполнува само кога за тоа постојат определени фактори поради кои кај клиентот постои сомневање за перење пари или финансирање на тероризам.

Извештајот за сомнителна трансакција (СТР) се доставува до УФР по електронски пат, а доколку ваквиот начин е оневозможен од технички причини, извештајот се доставува во писмена форма (член 67 од ЗСППФТ), во зависност од моментот кога нотарот ги утврдил основите на сомневање, на еден од следниве начини:

- Доколку нотарот основите на сомневање ги утврди пред извршување на трансакцијата, должен е веднаш да ја извести УФР и да ја задржи трансакцијата најдолго до два часа од моментот на известувањето.
- Доколку основите на сомневање се утврдени во текот на извршувањето на трансакцијата, нотарот е должен веднаш да ја извести УФР и да ја

задржи трансакцијата најдолго до четири часа од известувањето.

- Нотарот е должен да достави точни податоци, информации и документација до УФР во форма на извештај, најдоцна во рок од 24 часа од моментот на утврдување на сомневањето.

Доколку доставените податоци не се доволни, УФР може да побара дополнителни информации, документи и податоци од нотарот.
Ако УФР не го извести нотарот за натамошните активности во роковите од два, односно четири часа, нотарот може да одлучи дали ќе ја изврши или ќе ја одбие трансакцијата.

### 3.ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗВЕШТАИ ЗА СОМНИТЕЛНИ ТРАНСАКЦИИ/АКТИВНОСТИ

**Овој извештај се доставува во случај кога нотарот треба да достави дополнување на претходно доставен Извештај за сомнителна трансакција/активност,** при што е потребно да се повика на Извештајот за кој се доставува дополнувањето.

***НАПОМЕНА: Строго забрането е нотарот и вработените во нотарската канцеларија да го известат клиентот или кое било трето лице дека е поднесен или дека ќе биде поднесен извештај до УФР (член 72 од ЗСППФТ).

## ЕДИНАЕСЕТТИ ЧЕКОР - ЧУВАЊЕ ПОДАТОЦИ (член 62 од ЗСППФТ):

Нотарите се должни да ги чуваат документите или електронските записи обезбедени со мерките за анализа на клиентот, клиентското досие и деловната кореспонденција, резултатите од каква било анализа спроведена врз клиентот или вистинскиот сопственик, **во електронска или во пишана форма, десет години** од престанокот на деловниот однос со клиентот или од датумот на извршувањето на повремената трансакција.

Нотарите се должни да ги чуваат документите или електронските записи за сите трансакции **десет години по извршувањето на тие трансакции, вклучувајќи ги придружните докази и записи за трансакциите кои се состојат од оригинални документи или копии кои може да послужат како докази во судска постапка,** кои се неопходни за да се идентификуваат и да се овозможи реконструкција на индивидуалните трансакции.

Нотарите се должни податоците да ги чуваат на начинот на кој ги доставиле до Управата, десет години од денот на доставувањето.

По истекот на рокот од 10 години, нотарот е должен да ги избрише личните податоци на клиентот.

## ДВАНАЕСЕТТИ ЧЕКОР – ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА (член 69 од ЗСППФТ):

Нотарот е должен да врши внатрешна контрола над спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам најмалку еднаш годишно во тековната година за претходната година и да изготви документација за констатираните наоди од спроведената внатрешна контрола.

## VI. ВНАТРЕШНИ АКТИ, ПРОЦЕДУРИ И КОНТРОЛИ

- **Програма** за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам.
- **Проценка на ризик за субјектот – нотар.**
- Нотарот е должен да именува **овластено лице и негов заменик** и до УФР по електронски пат да достави известување со податоци за именуваните лица (име, презиме и контакт), како и да ја извести Управата за секоја промена. Доколку е оневозможен електронскиот начин на доставување, известувањето се доставува во писмена форма (член 68 од ЗСППФТ) – ПРИЛОГ бр. 12.

Одлуката/известувањето за овластено лице и негов заменик се прикачува и на рестритивната веб - платформа, преку профилот за најава.

- **Записник за внатрешна контрола** над спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам (член 69 од ЗСППФТ) – ПРИЛОГ бр. 13.

Внатрешната контрола се врши најмалку еднаш годишно во тековната година за претходната година и за тоа се изготвува Записник за конста-

тираните наоди од спроведената внатрешна контрола.

- **Записник за обука на вработените во нотарската канцеларија,** која се спроведува задолжително двапати годишно (член 12 став (1) алинеја 12 и член 68 став (14) од ЗСППФТ) – ПРИЛОГ бр. 14.

***НАПОМЕНА: Сите интерни акти се чуваат во архивата на нотарот и се приложуваат на барање на надзорните органи од УФР и Нотарската комора.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Одредбите на овој прирачник се однесуваат на нотарите како субјекти, при нивно постапување и примена на одредбите од ЗСППФТ. Овој прирачник преставува водич за примена, во кој се опфатени одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (Сл. весник на РСМ бр. 151/2022, 208/2024, 59/2025 и 267/2025 ) и заедничките ставови на УФР и Нотарската комора.

При идна измена на закон или нов институционален став, ќе следуваат соодветни известувања до нотарите.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

НОТАРСКА АКАДЕМИЈА

# ГЛАВА II >>

## СТРУЧНИ ТЕМИ

# ВАЖНОСТА И ВРЕДНОСТА НА НОТАРСКИОТ АВТЕНТИЧЕН/ВЕРОДОСТОЕН АКТ ВО СЕКОЈДНЕВИЕТО НА ТЕКОВИТЕ НА ПРАВНИОТ ЖИВОТ ВО ДРЖАВАТА

**д-р Фиданчо Стоев**
судија во пензија

## Вовед

За разлика од судската одлука, која има неприкосновено/супериорно правно дејство, нотарскиот автентичен/веродостоен акт е најмасовен и ефективен правен документ во секојдневниот правен живот во државата.

Ова затоа што со нотарскиот автентичен/веродостоен (законит, изворен и вистинит) правен акт се решаваат прашања од неспорни правни односи на граѓаните, деловните и другите правни субјекти, со составување, потврдување и издавање нотарски јавни исправи во форма на нотарски акт, потврда (солемнизација) на приватни исправи, издавање решенија за нотарски платен налог, потврдување факти, издавање потврди, заверка на потписи, преписи и преводи, вршење доверени работи – водење оставинска постапка и донесување оставинско решение и др.

Ефектноста, пак, на нотарските акти се изразува во нивното правно дејство: тие се јавни исправи, а под одредени услови и извршни исправи, врз основа на делегираното овластување на државата за вршење точно дефинирани јавни овластувања, со гаранција за нивната законитост, одговорност на нотарот (а не на државата) за направената штета на странки во вршењето на нотарската служба.

Ова е, всушност, концептот на моделот на латинскиот нотаријат прифатен во Македонија со Законот за вршење нотарски работи до 1996 год. и почеток на функционирање во 1998 год. (овој модел е прифатен во 91 земја на пет континенти).

Овој модел на нотаријат се заснова на два принципа:

1) Нотаријатот е независна и самостојна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања утврдени со Закон, и
2) Нотарската јавна служба ја вршат нотари како нејзини самостојни и независни носители, кои се именуваат од државата (Министерството за правда), како единствено занимање со свое службено подрачје, чие функционирање и надзор се врши и од државата (Министерството за правда) и од Нотарската комора како задолжителна организација на сите нотари.

Инаку, досега се донесени три закони со кои се прават напори за унапредување и развој на нотаријатот како јавна служба во согласност и со насоки на Меѓународната нотарска унија при ЕУ, на која членка е и Нотарската комора на РСМ.

Може да се каже дека централно место во моделот на латинскиот нотаријат како нотарски ситем е значењето и вредноста на нотарскиот автентичен акт (што го составуваат, потврдуваат и издаваат нотаријатите во правосудните системи на државите членки на ЕУ и пошироко).

Во овој труд се прави обид да се прикажат значењето и влијанието на основниот „производ“ на нотаријатот како јавна служба за креирањето нотарски автентичен акт во правниот живот на државата, поврзано со новите предизвици во општиот процес на дигитализацијата на институциите, па и на нотаријатот во државата.

## I Двојна функција на нотаријатот како јавна служба

Концепциски и реално, со функционирањето на нотаријатот како јавна служба се остваруваат глобално две функции, односно задоволување на потребите и интересите на неспорните правни односи на два субјекта: 1) потребите и интересите на граѓаните, деловните и др. правни субјекти и 2) потребите и јавните интереси на државата воопшто и посебно во одделни институции како дел од неа.

1. Воспоставувањето како институција со статус на јавна служба во правосудниот систем на државата не само што го растовари судството од бројните неспорни предмети туку, уште поважно, се овозможи важен предизвик за државата, а тоа е остварување на правната сигурност на граѓаните и другите правни субјекти со истовремено, брзо и ефикасно решавање на бројни правни работи и давање административно-управни услуги во секојдневието на тековите на правниот живот и промет. Таа придобивка, несомнено, успешно се остварува повеќе од 25 години во РСМ со професионална одговорност при вршењето на нотарската јавна служба од страна на нотарите од првата, втората, а сега можеби и третата генерација, етаблирајќи ја нотарската правна професија како особено важна и значително привлечна.

Функционирањето на нотаријатот, што се одвива со меѓусебна соработка и помош меѓу Министерството за правда и Нотарската комора на Македонија со точно утврдени свои посебни и заеднички одговорности и задачи, го афирмира нотаријатот како стабилна и професионална јавна служба.

2. Нотарите како носители и вршители на јавни овластувања, почитувајќи ја законската одговорност за непристрасност, но и правилата за професионална етика утврдени во нотарскиот кодекс, ја вршат функцијата на посредници меѓу странките за избалансирани договорни обврски, почитувајќи ја истовремено и волјата на странките, но и законитоста на прашањата што договорно се уредуваат во трансакциите, односно во нотарските акти и исправи.

Таа службена позиција на нотарите, а со тоа и на нотарската служба во целина, составувајќи нотарски акти, потврдувајќи приватни исправи согласно со строгите правила и норми, проверувајќи ги актите од аспект на правото истовремено го остваруваат и јавниот интерес на државата за легалитет во правниот живот и промет, спречувајќи истовремено и даночно затајување, појави на перење пари, и сл., а со оглед на транспарентноста на нотарските акти и исправи кои се доставуваат до надлежните регистри, но исто така и до државните органи кои се одговорни за спречување недозволени и криминални дејствувања, цели и зделки.

Оттука, особено важна е соработката на нотарската служба со државните органи и институции кои се надлежни за спречување на перењето пари и други незаконитости во сферата на финансиските трансакции, спречување на обидите за затајување даноци, како и други криминални недозволени цели и намери.

## II Значењето и вредноста на нотарскиот акт дефиниран како автентичен/ веродостоен акт за правните работи и прашања кои се решаваат и уредуваат со тој акт

Имајќи го предвид нотарскиот автентичен акт, во земјите членки на Меѓународната нотарска унија изготвена е посебна студија за дефинирање на нотарскиот автентичен акт како насока на нотар-

јатите членки на Унијата (Нотариус бр. 34).

Во написот се презентираат и накратко се коментираат составните елементи на дефиницијата на нотарскиот автентичен акт.

1. Терминот „автентичен акт“ е акт кој е изработен и евидентиран како таков и кој по својата содржина ги има елементите на веродостојност, изворност, законитост и вистинитост (во Законот за нотаријатот во Македонија, автентичниот акт е утврден како јавна исправа, а под одредени услови и извршна исправа), со децидно утврдени видови на нотарски акти и исправи, односно решенија.

2. Автентичноста се однесува на датумот, потписот и содржината на правните акти и правните односи што се уредуваат со актот, а тоа се одредени неспорни односи и прашања утврдени во Законот.

3. Автентичниот акт да е утврден од лице со јавни овластувања, а тоа е нотарот кој е носител и вршител на тие овластувања добиени како трајна надлежност од државата, односно овластување за изработка/составување на автентични акти (јавни и извршни исправи), а врз основа на децидна правна процедура во Законот.

4. Носителот на јавни овластувања/нотарот да гарантира дека договорните страни даваат информации, односно ја изразуваат својата волја и согласност дека целосно се запознаени со правниот делокруг, односно содржина, и со правните последици од актот.

5. Нотарите да дејствуваат независно и непристрасно согласно со законската должност и етичко-професионалните правила.

6. Да се утврдува идентитетот и деловната способност на договорните страни врз основа на официјални и други документи, со обврска за заштита на податоците како нотарска тајна.

7. Да им се обезбедат на договорните страни целосни правни информации и можности да бидат правни советници на списите, а не на клиентите.

8. Како последица на извршена контрола на законитоста и валидноста на актот, да одбијат да интервенираат (да одбијат преземање службено дејствие) доколку барањето има незаконска цел, односно недозволена намера (Студија за дефинирање на нотарскиот автентичен акт, Нотариус бр. 34).

## III Влијанието на процесот на дигитализација и употребата на вештачка интелегенција во Нотаријатот

Во рамките на наведените составни делови на нотарскиот акт, особено важни од аспект на дигитализацијата и примената на вештачката интелигенција се следните прашања:

1. Делегирањето на правните овластувања и нивниот поим (односно нивно дефинирање и прецизирање).

2. Специјалната одговорност на нотарите: административна (дисциплинска) кривична одговорност и граѓанска одговорност за надомест на штета на клиент сторена во вршењето на нотарската служба.

3. Утврдување на идентитетот и деловната способност на странките.

4. Независност и непристрасност на нотарите како јавни функционери, не само како обврска спрема странките туку и за законитоста и точноста на актите.

5. Проверка на валидноста и законитоста на актот и

6. Важно е да се разграничуваат автентичните нотарски акти и да имаат третман на живи правни и историски документи чија вредност се изразува:

- во нивната супериорна ефективност за прашањата кои се уредуваат со нив;
- да имаат доказна вредност;
- да имаат својство на извршност;
- да важи за нив презумпција на законитост и точност и
- да се признаат автентичните нотарски акти на меѓународно ниво.

Познато е дека во повеќе членки на Меѓународната унија на нотаријатите веќе одамна ги усогласуваат националните закони со споменатите актуелни процеси на дигитализација на институциите. Постојат мислења дека дигитализацијата

е технички процес, а не „мастер план“ за решавање на суштинските проблеми. Употребата на дигитализацијата во нотаријатот и во јавните регистри е корисна и неизбежна, меѓутоа суштинските критериуми за функционирањето на нотарскиот систем не може да се занемаруваат како што не може да се намалува вредноста на нотарскиот систем во служба на целокупниот правен систем на државата со пазарна економија.

Исто така, последен крик во информатичката технологија во нотаријатите е вештачката интелигенција, иако многумина не знаат што значи тој термин.

Изработката на нотарски документ не може да се спореди со производ во фабрика. Во изработката на еден документ често се бараат бројни поединечни барања од страна на странките. Природната интелигенција е неопходна во овој процес. Никако не може да се замени со вештачката интелигенција. Освен тоа, кога се користи вештачката интелигенција во нотаријатот мора да се има предвид дека безбедноста на податоците е невозможна (ова се мислења на г. Ричард Бок, потпретседател на Германската сојузна комора, изразени во неговото излагање по повод 25 год. на нотаријатот во Македонија, под наслов „Улогата на нотарот во дигиталниот свет“, Нотариус бр. 3/4)

## IV Наместо заклучок

Ништо, ни добро ни лошо, не постои, ниту се гаси (исчезнува) без причина.

Универзална каузалност – и во природата и во општеството.

Филозофско-правна мисла за причинско-последичната поврзаност на појавите и настаните (правна енциклопедија „Современа администрација“, Белград, 1970 год., стр. 1259)

# НЕКОИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ДИСЦИПЛИНСКАТА ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРОТ

**Теофил Томановиќ**
судија во пензија

## 1. Целта на изречената дисциплинска мерка спрема нотарот според Законот за нотаријатот

Практиката на Дисциплинскиот совет, но исто така и на претседателот на Нотарската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Нотарска комора), кога одлучува по претставките поднесени против нотарите во согласност со Законот за постапување по претставки и предлози, укажува на различно постапување на нотарите при примената на Законот за нотаријатот, Кодексот на професионална етика на нотарите и актите на Комората врз кои ја вршат нотарската служба, а некогаш тоа претставува и сторена дисциплинска повреда, санкционирана со членовите од 138 до 141 од наведениот закон. Имено, се поаѓа од претпоставката дека нотарската практика треба да биде сфатена во смисла на истоветно постапување на нотарите, без оглед на тоа што законите не можат да ги опфатат (во иднина) сите можни правни ситуации за да бидат истоветно решавани. Меѓутоа, во практиката има случаи кога нотарите постапуваат нестручно или несовесно при примената на Законот, Кодексот на професионалната етика на нотарите и актите на Нотарската комора врз основа на кои ја вршат нотарската служба, што, согласно со член 132 став (5) од Законот за нотаријатот, претставува основ за нивна дисциплинска одговорност. Според став (6) од наведениот член 132, нестручното постапување претставува повреда на закон, со кое во вршењето на нотарските работи нотарот предизвикува повреда на правата на учесниците или трети лице, а според став (7) несовесното постапување претставува постапување спротивно на етичките норми, професионалните стандарди и правилата на нотарската служба.

Притоа треба да се има предвид дека според дефиницијата на Конференцијата на нотарите на Европска Унија (CNUE), „нотарот е носител на јавна служба, на кого е пренесена државна власт да составува јавни исправи и притоа да осигурува чување, доказна сила и извршност на наведените исправи“, со каква што содржина е и член 3 став (3) и (4) од Законот за нотаријатот.

Во трудот авторот ќе се обиде дел од практиката на Дисциплинскиот совет и на претседателот на

Нотарската комора, кога постапува по претставките поднесени против нотарите, да ја доближи до нотарите со цел да имаат подобро сознание за дел од она што може да претставува или да не претставува повреда на Законот, Кодексот на професионалната етика на нотарите и актите на Нотарската комора.

Според член 132 став (1) од Законот за нотаријатот, нотарот (заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата) одговара дисциплински за повреда на службената должност што ќе ја стори по своја вина, според став (2), за повреда на Законот, Кодексот на професионалната етика на нотарите и актите на Комората нотарот, (заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата) одговара дисциплински, а според став (4), нотарот (заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата) одговара дисциплински ако со своето однесување во вршењето на службата, спротивно на Кодексот на професионалната етика на нотарите, ги нарушува честа и угледот на нотарската служба, ја доведува во прашање довербата на нотарската служба или ако ја повредува нотарската служба со незаконито и нестручно, односно несовесно постапување (во натамошниот текст само: нотар).

Според член 133 став (1) од Законот за нотаријатот, дисциплинската постапка против нотарот ја води и дисциплински мерки изрекува Дисциплинскиот совет при Комората, согласно со одредбите од овој закон и актите на Комората.

Водењето на дисциплинската постапка против нотарот и изрекувањето на дисциплинските мерки е уредено со Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка (пречистен текст објавен во „Нотариус“ бр. 42/24). Поведувањето на дисциплинската постапка е уредено со член 134 став (1) од Законот за нотаријатот, според кој дисциплинската постапка се поведува по предлог на Министерство за правда, претседателот на основниот суд на чиешто подрачје е службеното седиште на нотарот и претседателот на Комората. Со Правилникот за постапување по претставки, предлози и иницијативи за поведување дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата (пречистен текст објавен во „Нотариус“ бр. 42/24, во натамошниот текст: Правилник) подетално е уредено прашањето за начинот на постапување по претставките поднесени од страна на физички и правни лице кои имаат карактер на предлог за покренување дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата (за дисциплинската одговорност на нотарот види подетално: „Коментар за Законот за нотаријатот“ – Скопје, 2023, стр. 327-368, „Дисциплинска одговорност на нотарот согледана преку практиката на Дисциплинскиот совет“, Т. Томановиќ, „Нотариус“ бр. 13/2009 и други објавени трудови во „Нотариус“).

Начелно, изречената дисциплинска мерка не е сама по себе цел поради тоа што, како прво, се состои во тоа нотарот (во иднина) да не ја повтори повредата на Законот за нотаријатот, подзаконските акти, Кодексот на професионалната етика на нотарите и актите на Нотарската комора врз основа на кои ја врши службата (индивидуална превенција), и како второ, воспитно да влијае врз другите нотари да не сторат дисциплинска повреда (генерална превенција).

Според член 137 од Законот за нотаријатот, спрема нотарот може да биде изречена една од следниве дисциплински мерки: писмена опомена, јавна опомена, парична казна, привремено одземање на правото на вршење на нотарската служба и трајно одземање на правото на вршење на нотарската служба. Извршувањето на дисциплинските решенија, начелно, е уредено со член 146 од Законот за нотаријатот, а доуредено е со член 33 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора.

Меѓутоа, се поставува и прашањето – дали начинот на кој е уредено извршувањето на изречената дисциплинска мерка со конечно решение на Дисциплинскиот совет обезбедува постигнување на понапред наведените цели на изречената дисциплинска мерка спрема нотарот?

Според член 146 став (2) од Законот за нотаријатот, правосилната одлука (во текстот на законот според член 144 и 145 – „решение“) за изрекување на дисциплинската мерка се доставува до нотарот и до Министерството и таа се запишува во Именикот на нотарите во Комората и се

објавува на веб-страницата на Нотарската комора и на Министертство во согласност со одредбите за заштита на личните податоци (Законот за заштита на личните податоци). Според тоа, би можело да се заклучи дека цитираниот став (2) овозможува целосно запознавање на поширокиот круг нотари (генерална превенција) со содржината на сторената дисциплинска повреда, што овозможува (во иднина) да не постапуваат на начин кој, во конкретниов случај, е утврден како дисциплинска повреда со конечно решение на Дисциплинскиот совет.

Кога е во прашање индивидуалната превенција, таа се остварува на начин што нотарот непосредно се запознава со содржината на решението со кое е огласен виновен за сторена дисциплинска повреда, кое лично му се доставува, при што во решението се дадени детално образложени причини во што се состои сторената дисциплинска повреда, а против кое, конечно, има право на жалба, по која одлучува Второстепениот дисциплински орган. Од друга страна, Дисциплинскиот совет во образложение на решението, без исклучок, укажува на очекување дека изречената дисциплинска мерка воспитно ќе влијае врз нотарот во иднина да не ја повтори воочената грешка и дека своето работење ќе го усогласи со Законот за нотаријатот, подзаконските и актите на Нотарската комора врз основа на кои ја врши службата.

Кога е во прашање генералната превенција, таа се остварува само под услов конечните решенија на Дисциплинскиот совет (од кои некои биле предмет и на судска оцена) да им бидат достапни на поширокиот круг на нотари. Меѓутоа, како да се толкува член 146 став (2) од Законот за нотаријатот, во делот кој гласи „...правосилната одлука... се објавува на веб-страницата...“?. Дали тоа значи дека се објавува само изреката на решението со кое нотарот е огласен виновен за сторената дисциплинска повреда или се објавува неговиот целосен текст до даденото образложение?

Во практиката, на веб-страницата на Нотарската комора се објавуваат само диспозитиви на конечните решенија кои ги донесува Дисциплинскиот совет, со заштита на личните податоци согласно со закон. Во диспозитивот на решението, без исклучок, се дава опис на нотарското дејствие преземено од страна на нотарот, кое претставува дисциплинска повреда, и одредбата од Законот, подзаконскиот акт или од актот на Нотарската комора со којашто тоа не е во согласност. Според тоа, на вакиот начин, на нотарите им е овозможено да дојдат до сознание кое преземено нотарско дејствие не е во согласност со Законот, подзаконските акти или актите на Нотарската комора врз основа на кои ја вршат службата, а кое претставува дисциплинска повреда.

Од друга страна, цитираниот член 146 став (2) од Законот за нотаријатот не создава обврска решението со кое нотарот се ослободува од дисциплинската одговорност да биде објавено на веб-страницата на Нотарската комора и на Министерството. Ваквото законско решение, според мислењето на авторот, не оди во прилог на остварување на генералната превенција која ја анализираме во трудот. Сепак, треба да се има предвид дека голем број решенија на Дисциплинскиот совет, покрај утврдената дисциплинска одговорност на нотарот за сторена дисциплинска повреда, содржат и решенија со кои нотарот се ослободува од дисциплинската одговорност. Во таков случај, во диспозитивот на решението се дава детален опис на дејствието преземено од страна на нотарот кое, според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, не претставува постапување спротивно на Законот, подзаконските акти и актите на Комората. Инаку, во практиката се ретки случаите кога нотарот се ослободува од одговорност дека сторил дисциплинска повреда во случај кога во предлогот за поведување дисциплинска постапка се укажува на само една сторена дисциплинска повреда. Ова поради тоа што, најчесто, во предлогот за поведување дисциплинска постапка против нотарот се укажува на повеќе сторени дисциплински повреди, при што Дисциплинскиот совет, со едно исто решение, во еден дел нотарот го огласува виновен за сторената дисциплинска повреда, а во вториот дел  го ослободува од одговорност дека сторил дисциплинска повреда.

Објавата за изречена дисциплинска мерка јавна опомена во стручното списание „Нотариус“, согласно со член 33 став (4) од Правилникот за дис-

циплинска одговорност и дисциплинска постапка, содржи само деловоден број и дата, како и правна квалификација на сторената дисциплинска повреда (јавна опомена се изрекува само за дисциплинските повреди утврдени со член 139 од Законот за нотаријатот). Според тоа, од содржината на ваквата објава не може да се заклучи кое нотарско дејствие го презел нотарот спрема кого е изречена јавна опомена (името не се објавува согласно со Законот за заштита на личните податоци), а кое не е во согласност со Законот за нотаријатот, подзаконските акти или актите на Нотарската комора врз основа на кои ја врши службата. Поради наведеното, се поставува прашањето каква е целта на ваквото објавување на изречената дисциплинска мерка јавна опомена?

Според тоа, може да се заклучи дека во голем број случаи, без оглед на одредбата од член 146 став (2) од Законот за нотаријатот, на веб-страницата на Нотарската комора се објавуваат и диспозитиви на решенијата со кои нотарот се ослободува од одговорност дека сторил дисциплинска повреда.

Инаку, според член 146 став (9) од Законот за нотаријатот, правосилната одлука (решение) за изрекување на мерката привремено одземање на правото на вршење на нотарската служба или трајно одземање на правото на вршење на нотарската служба, Нотарската комора ја објавува во „Службен весник" на Република Северна Македонија. Ваквата објава е само од информативен карактер, а со цел запознавање на пошироката јавност со одлуката на Дисциплинскиот совет, при што не содржи никакви други податоци или образложение.

Имајќи го предвид значењето на решенијата кои ги донесува Дисциплинскиот совет, како во случај кога спрема нотарот се изрекува дисциплинска мерка, но исто така и кога нотарот се ослободува од одговорност дека сторил дисциплинска повреда на која се укажува во предлогот за поведување дисциплинска постапка, а со цел подобро информирање на нотарите, во стручното списание „Нотариус" (број 12/2009 до број 25/2014) се објавувани сентенции (од лат. sententia – изрека со поучен карактер) на конечните решенија на Дисциплинскиот совет, со дадено целосно образложение за причините поради кои е прифатено дека нотарот постапил или не постапил согласно со Законот за нотаријатот, подзаконските акти и актите на Нотарската комора врз основа на кои ја врши нотарската служба. Ваквиот дополнителен начин на информирање на нотарите, секако, уште повеќе придонесува за остварување на целите поради кои се изрекуваат дисциплински мерки спрема нотарите, а тоа е и генералната превенција.

Притоа, објавени се следниве сентенции:

- Согласно со член 116 и член 117 став (1) од Законот за нотаријатот, нотарот може да биде земен на дисциплинска одговорност само ако стори дисциплинска повреда по своја вина, а не и за повреда која ќе ја стори заменик-нотарот кој во одреден временски период го заменува (одлука ДП бр. 5/08 од 27.09.2008 година);

- Прибележувањето во имотниот лист на податокот дека за недвижност се води спор не го ограничува правото на сопственост, затоа што прибелешката не го попречува располагањето со имотот (одлука ДП бр. 517/08 од 31.05.2008 година);

- Под залепените такси на списите на предметот се става забелешка дека таксите се залепени и во одреден износ поништени. Забелешката ја потпишува лицето кое ги залепило таксите. При архивирање на предметот, на предната страница на обвивката на списот кој се архивира, во горниот десен агол, под ознаката на списот, се става штембил: „Таксата е наплатена" или „Пријавата е поднесена" (одлука ДП бр. 8/2008 од 13.10.2008 година);

- Рокот на застареност на гонење на дисциплинска повреда изнесува две години и започнува да тече од денот кога е извршен надзор над работата на нотарот (одлука ДП бр. 9/08 од 4.11.2008 година - Напомена: сега според член 143 став (1) од Законот за нотаријатот, поведувањето на дисциплинската постапка застарува во рок од три години од денот на сторувањето на повредата);

- Веродостојноста на фотокопијата која се здружува во списите се потврдува и со печат и со своерачен потпис на нотарот (одлука ДП бр. 27/08 од 29.01.2009 година);

- Нотарот не смее да презема никакви службени дејствија со лице кое поради малолетност е неспособно да преземе или да склучи определена правна работа (одлука ДП бр. 693/05 од 12.01.2008 година);

- При составување на нотарскиот акт, нотарот мора да испита дали странките се способни и овластени за преземање на работите и да им ги објасни целта и последиците и да се увери во нивната вистинска и сериозна волја (одлука ДП бр. 7/09 од 26.11.2009 година);

- За време на привремено оддалечување од службата, нотарот е должен да врши годишно заклучување на уписниците и имениците определени со член 91 од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 55/2007, одлука ДП бр. 9/10 од 13.05.2010 година);

- Во случај кога нотарскиот акт се состои од повеќе страници, нотарот, учесниците и сведоците ја потпишуваат секоја страница од нотарскиот акт (одлука ДП бр. 5/2010 од 13.05.2010 година);

- Заклучувањето на нотарските книги на крајот на календарската година треба да го изврши нотарот за чии нотарски книги станува збор, без оглед на тоа дали на крајот на календарската година е привремено оддалечен од вршење на службата (одлука ДП бр. 9/2010 од 13.05.2010 година);

- Нецелосното пополнување на рубриките во книгите кои нотарот ги води согласно со член 91 став (2) од Законот за нотаријатот не претставува повреда од член 127 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 55/07) - „повреда на должноста утврдена со закон за вршење на нотарските работи, со што сериозно се загрозува довербата во непристрасност на нотарот и во исправите кои ги составува, особено ако презема службено дејствие за работа која според законот не е дозволена“, односно повреда од алинеја 21) од истата законска одредба – „оставање празни рубрики во службените книги на нотарот“, туку претставува дисциплинска повреда по член 125 став (1) алинеја 3) од истиот закон – „неуредно водење на книга“ (одлука ДП бр. 12/11 од 23.06.2011 година);

- Нотарот не сторува дисциплинска повреда во случај кога смета дека постојат околности поради кои преземеното нотарско дејствие е дозволено, бидејќи во таков случај се наоѓа во стварна заблуда во поглед на обележјето на дисциплинската повреда, што ја исклучува неговата одговорност (одлука ДП бр. 19/10 од 22.09.2011 година);

- Нотарот сторува дисциплинска повреда од член 126 став (1) точка 110 од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 55/07) – „преземање службени дејствија надвор од службеното подрачје на нотарот, кога ќе изврши потврдување на договор за дар со кој е опфатена недвижност која се наоѓа вон службеното подрачје на нотарот“ (одлука ДП бр. 5/09 од 28.09.2009 година);

- Нотарот нема законско овластување, по службена должност или по барање на странка, да укинува потврда на извршност на нотарската исправа во согласност со член 43 став (7) од Законот за нотаријатот (одлука ДП бр. 4/2011 од 7.04.2011 година);

- Нотарот е должен постапувајќи по службена должност да стави потврда за правосилност и извршност на решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа ако во рокот од осум дена не прими приговор, односно приговорот го отфрли како ненавремен или недозволен (член 16-ѓ) став (1) од Законот за извршување, одлука ДП бр. 7/13 од 2013 година);

Наведените правни стојалишта се изразени во конечните одлуки (решенија) на Дисциплинскиот совет, кои се донесени во текот на дисциплинската постапка поведена по предлог на Министерството за правда, освен во предметот ДП бр. 5/09, во кој постапката е поведена со предлог доставен од страна на претседателот Нотарската комора.

Меѓутоа, ваквата практика, од причини непознати на авторот, е прекината од „Нотариус“ бр. 25/2014 (април 2014 година), па сè до декември 2025 година, кога во „Нотариус“ бр. 45/25 се објавени следниве сентенции:

- Нотарот кој има потреба да биде отсутен од местото на своето службено седиште каде што ја врши работата, поради службена или друга работа, за време не подолго од 10 работни дена, должен е пред денот на отсуството да ја извести

Нотарската комора, а во исклучителни случаи најдоцна на денот на отсуството (решение ДП бр. 8/2023 од 14.05.2024 година);

- Во постапката пред нотар, за правни работи и дејствија за кои тоа по закон е дозволено, учесникот може да презема дејствија преку полномошник доколку истиот приложи заверено полномошно (решение ДП бр. 9/2024 од 18.11.2024 година);

- Не е во несогласност со член 52 и член 55 став (1) од Законот за нотаријатот ако нотар, на барање на странките, состави договор за купопродажба на недвижен имот во форма на нотарски акт (решение ДП бр. 14/2022 од 21.12.2022 година, ДП бр. 6/2024 од 18.11.2024 година и ДП бр. 11/2024 од 3.12.2024 година).

Според мислењето на авторот, ваквата практика со објавување покарактеристични сентенции од конечните решенија на Дисциплинскиот совет, заедно со даденото правно образложение, треба да продолжи и во иднина поради сите причини на кои е укажано во трудот.

## Известување на претседателот на Нотарската комора кое го донесува по повод поднесена претставка против нотар

Се поставува прашањето – дали има потреба од пошироко запознавање на нотарите со правните стојалишта изразени во известувањата кои претседателот на Нотарската комора ги донесува по повод претставките во кои се укажува на незаконско постапување на нотарот по конкретниот предмет и на каков начин тоа може да биде извршено?

Според член 3 од Законот за постапување по претставки и предлози, подносител на претставка, односно предлог, може да биде секое физичко и правно лице, со каква што содржина е и член 2 став (1) од Правилникот за постапување по претставки, предлози и инцијативи за поведување дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата (во натамошниот текст: Правилник). Предно-то под услов да е учесник во постапката која ја спроведува нотарот, да има интерес за заштита и остварување на своите права или да станува збор за јавните интереси утврдени со закон.

Со наведениот Правилник подетално е уредено прашањето на начинот на постапување по поднесените претставки од страна на физичко и правно лице кои имаат карактер на предлог за покренување дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата. Согласно со член 3 од Правилникот, до нотарот се доставува претставката на одговор кој, по правило, нотарите го доставуваат во писмена форма со приложени докази. Според член 5 став (1) од Правилникот, претседателот на Нотарската комора одлучува дали претставката ќе биде отфрлена или ќе биде покрената дисциплинска постапка согласно со член 134 став (2) од Законот за нотаријатот. Така, на пример, согласно со член 5 став (5) од Правилникот, од страна на претседателот на Нотарската комора, во текот на 2024 и 2025 година, до Дисциплинскиот совет се поднесени по четири предлози за поведување дисциплинска постапка против нотари. Во сите останати случаи, претставките, согласно со член 5 став (4), се отфрлени поради тоа што претседателот на Нотарската комора, како надлежен орган, оценил дека претставката не укажува на постоење основано сомнение дека нотарот, заменик-нотарот или нотарот кој привремено ја врши службата сториле дисциплинска повреда. Инаку, во досегашната нотарска практика нема случај претседател на основен суд да поднел предлог против нотар кој постапува како повереник на судот, во случај да постапувал спротивно на закон или при постапување по доверени предмети од судот (станува збор за оставинска постапка).

До подносителот на претставката се доставува писмено известување со дадени образложени причини за неговото донесување. Против известувањето од член 5 став (4) од Правилникот, со кое се отфрла претставката, не е дозволена жалба. Меѓутоа, тоа не значи дека подносителот на претставката не може да остварува заштита на својот правен интерес во друга соодветна постапка, односно пред надлежниот суд. Така, на пример, ако претставката се однесува на постапката во која нотарот издава решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, должникот или доверителот, согласно со член 72 став (1) од Законот за нотаријатот, имаат право на приговор до надлежниот осно-

вен суд, во оставинската постапка, согласно со член 127 став (1) од Законот за вонпарнична постапка, учесниците имаат право на приговор против решението кое го донесува нотарот до надлежниот суд, потоа член 66 од Законот за нотаријатот (ништовност на нотарски акт) и др.

Повеќегодишната практика на Нотарската комора во врска со претставките кои се поднесуваат во согласност со член 2 од Законот за постапување по претставки и предлози и член 2 од Правилникот, е мошне богата со најразлични укажувања во врска со примената на Законот за нотаријатот, подзаконските акти или актите на Нотарската комора врз основа на кои нотарот ја врши нотарската служба, што понекогаш доведува, како што е веќе наведено, и до поднесување предлог за поведување дисциплинска постапка согласно со член 134 став (2) од Законот за нотаријатот.

Токму поради тоа, кај нотарите постои интерес да имаат сознание за прифатените правни стојалишта и заклучоци во тие постапки кои, на одреден начин, им го олеснуваат толкувањето, а со тоа и практичната примена на Законот за нотаријатот, подзаконските акти или актите на Нотарската комора врз основа на кои ја вршат нотарската служба. Предното поради тоа што со содржината на известувањето со кое претставката се отфрла и во него изнесените образложени причини се запознава само нотарот на кого се однесува, а не и поширокиот круг на нотари.

Согледувајќи ја ваквата потреба, кога станува збор за правни стојалишта и заклучоци од општ карактер, на страниците на „Нотариус“ бр. 15/2010 и бр.23/2013 досега се објавени следниве сентенции:

- Не се исполнети законските претпоставки за поведување дисциплинска постапка против нотар врз основа на анонимна претставка или предлог, освен во случај ако се работи за прашање од јавен интерес утврден со закон (известување бр. 406 од 25.03.2010 година);

- Не се исполнети законските услови против нотар на кого му престанала службата да биде поведена дисциплинска постапка поради повреда на законот, Кодексот на професионалната етика и актите на Комората (известување бр. 989/13 од 30.05.2013 година).

За жал, и вака скромната практика со години наназад (од 2013 година па до денес) не е присутна на страниците на „Нотариус“.

Во интерес на подобро запознавање на читателот со правните стојалишта и заклучоците кои се изразуваат во известувањата донесени од страна на претседателот на Нотарската комора, дополнително, ќе наведеме само неколку примери кои досега не се објавени:

- При составувањето на нотарската исправа постапено е во согласност со член 55 ставови (1) и (2) од Законот за нотаријатот, бидејќи вредноста на правната работа е под 10.000,оо евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РСМ, поради што не постои законска обврска приватната исправа – договор за купопродажба на недвижен имот да биде составена од адвокат и да содржи негов печат и потпис (известување ДП бр. 16/24);

- Ако во постапката за заверка на потписи на склучените преддоговори за купопродажба на станови има грешки на кои се укажува во претставката, тоа не е резултат на нестручно или невнимателно преземање на нотарските дејствија од страна на нотарот, што би било спротивно на член 3 став (3) од Законот за нотаријатот. Предното поради тоа што склучените преддоговори, како приватни исправи, се изготвени од други лица, а не и од страна на нотарот, кој само врши заверка на своерачните потписи на договорните страни согласно со член 86 од Законот за нотаријатот (известување УПП бр. 12/2025);

- Во текот на постапката за ставање потврда на извршност на нотарскиот акт или потврдена (солемнизирана) приватна исправа, нотарот, согласно со член 53 став (5) од Законот за нотаријатот, нема обврска, по службена должност, да внимава на евентуално настапената застареност на побарувањето, туку е должен само да постапи согласно со наведената законска одредба (известување УПП бр. 25/2025);

- Судија на основен суд кој постапува по приговор изјавен против решението за нотарски платен налог издадено врз основа на веродостојна исправа не е субјект кој, согласно со член 2 од Правилникот за постапување по претставки, предлози и инцијативи за поведување дисци-

плинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата на Нотарската комора на Република Северна Македонија и член 2 од Законот за постапување по претставки и предлози, може да поднесува претставка против нотарот бидејќи не остварува заштита на своите права и интереси, ниту пак станува збор за заштита на јавните интереси утврдени со закон, со оглед на тоа што во предметот се одлучува за должничко-доверителскиот однос заснован меѓу доверителот и должникот (известување УПП бр. 43/2025);

- Според член 5 став (2) од Правилникот за постапување по претставки, предлози и иницијативи за поведување дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата на Нотарската комора на Република Северна Македонија, доколку во текот на постапката се утврди дека претставката не е потпишана од подносителот, дека е поднесена во име на друго лице без овластување или е поднесена и потпишана во име на друго лице, претставката ќе се смета како воопшто да не е ниту поднесена, за што ќе се извести подносителот (известување УПП бр. 03-8/2024);

- Претседателот на Нотарската комора, во смисла на член 134 ставови (1) и (2) од Законот за нотаријатот, не е надлежен да постапува по претставката во која се укажува на евентуална дисциплинска одговорност на нотарот кој нотарската служба во предметот О бр... УДР бр... ја врши согласно со член 131 од Законот за вонпарнична постапка, како повереник на Основен суд..., бидејќи такво законско овластување го има само претседателот на судот согласно со член 134 став (3) од Законот за нотаријатот (известување УПП бр. 27/2025) и др.

XXX

Остварувањето на една од целите на дисциплинското казнување на нотарот, а тоа значи и генерална превенција, зависи и од интересот на нотарот. Нотарот има можност, преку следење на веб-страницата на Нотарската комора и стручното списание „Нотариус“, да биде запознаен со решенијата кои ги донесува Дисциплинскиот совет. Во иднина, со иста цел, треба да се инсистира и на редовно објавување на страниците на „Нотариус“ на известувањата кои ги донесува претседателот на Нотарската комора, согласно со член 5 став (4) од Правилникот за постапување по претставки, предлози и инцијативи за поведување дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата, а кои имаат општо значење или се со специфична содржина.

# ГЛАВА III

## ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊА ПОСТАВЕНИ НА НОТАРСКИ ДЕНОВИ

Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 16 став (5) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на РСМ, на 24. седница одржана на ден 13.6.2025 година, ги утврди и Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 27.12.2025 година, едногласно ги потврди следните:

# О Д Г О В О Р И

## НА ПРАШАЊА ПОСТАВЕНИ ПО ПОВОД НОТАРСКИ ДЕНОВИ 26 април 2025 г., х. Метропол и Белви, Охрид

1. **ПРАШАЊЕ:** Чуваникот е сопственик на 1/2 (една идеална половина) врз основа на договор за доживотна издршка. Останува уште 1/2 (една идеална половина) од имотот на оставителот за наследување.

Оставителот не оставил брачен другар и други наследници од првиот наследен ред, родители и живи браќа и сестри. Единствено има една жива внука од еден покоен брат на оставителот. Дали внуката во конкретниот случај е наследник и дали треба да дава наследничка изјава?

**ОДГОВОР:** Во член 29 став (1) од Законот за наследување е уредено дека чуваникот и хранителот, кои живееле во трајна заедница, заемно се наследуваат под услов умрениот да не оставил брачен другар и други наследници од првиот наследен ред и родители и браќа и сестри. Во овој случај, овие лица ја наследуваат целата оставина на еднакви делови.

Според наведената одредба, во случај кога на наследство се повикани лица коишто живееле во трајна заедница, а оставителот нема родители, браќа и сестри, лицата кои живееле во трајна заедница ги исклучуваат од наследство внуците, односно потомците на браќата и сестрите.

Во конкретниот случај, нотарот ќе ја повика на рочиште внуката од покојниот брат на оставителот за да се произнесе по однос на фактот дали го оспорува својството на чуваникот.

Доколку внуката од покојниот брат оспорува дека чуваникот нема такво својство, нотарот ќе прекине со расправање на оставината и ќе ги упати на парница, во согласност со член 173 од Законот за вонпарничната постапка.

Доколку пак не го спори тој факт, нотарот за наследник на оставителот ќе го огласи чуваникот, како единствен наследник во согласност со член 29 од Законот за наследување.

2. **ПРАШАЊЕ:** Во оставинска постапка пред нотар доставен е предлог за наследување на права по договори за подарок на недвижен имот, во кои оставителот се јавува во својство на даропримач.

Договорите се склучени помеѓу оставителот како даропримач и неговите браќа како дародавачи, оданочени се, меѓутоа постапката за солемнизација и укнижување на правото на сопственост не е комплетирана.

Дали наследниците на даропримачот, кој е покоен, може да наследат права по договори за подарок на недвижен имот, да се јават во својство на даропримачи на недвижниот имот?

**ОДГОВОР:** Според член 2 од Законот за наследување, да се наследуваат можат предмети и права што им припаѓаат на поединци.

Во конкретниот случај, при спроведувањето на оставинската постапка нотарот ќе дозволи да се наследат права кои произлегуваат од договорите за дар, бидејќи од тие договори можат да произлезат права коишто не можат да се реализираат на друг начин, освен ако не се наследат (на пример, право да се бара поврат на платен данок и сл.).

Во решението за наследување ќе се наведе дека наследниците наследуваат права кои произлегуваат од договор за дар составен во форма на приватна исправа, кој ја поминал постапката на оданочување.

3. **ПРАШАЊЕ:** Примени се два оставински предмети за оставители татко и син (на движен и недвижен итн.), од кои еден по смртовница составена по барање на старател на малолетни деца и вториот по предлог на законските наследници.

Оставителите се татко и син, за кои во изводите на умрени датумот на смртта е идентичен.

Оставителот – таткото, како наследници ги има сопругата, ќерка и починатиот син (синот е женет, има сопруга и две малолетни деца).

Оставителот – синот, како наследници ги има сопругата и две малолетни деца (децата се под старателство, имаат старател назначен од страна на ЦСР Кратово, а сопругата, од неофицијална информација, се наоѓа во куќен притвор во Скопје).

Како да постапи нотарот во овие случаи?

**ОДГОВОР:** Во конкретниот случај станува збор за комориенти (таткото и синот кои починале во исто време), ситуација која не е уредена во Законот за наследувањето, но според правната теорија и компаративната практика, комориентите не се наследуваат помеѓу себе.

Според член 14 од Законот за наследувањето, делот од оставината што би му припаднал на порано умреното дете да го надживеало оставителот, го наследуваат неговите деца, внуците на оставителот, на еднакви делови, а ако некој од внуците умрел пред оставителот, тогаш делот што би му припаднал да бил жив во моментот на смртта на оставителот, го наследуваат неговите деца, правнуците на оставителот, на еднакви делови, и така редум сè додека има потомци од оставителот.

Во однос на оставината на таткото, со примена на правото на претставување од член 14 од Законот за наследувањето, за законски наследници ќе се огласат неговата сопруга, ќерка и децата на неговиот син.

Во однос на оставината на синот, нотарот ќе прекине со расправање на оставината додека не добие правосилна пресуда за сопругата на оставителот, која се наоѓа во притвор (обвинета за кривично дело – убиство). Ова е битно заради утврдување на фактот – недостојност за наследување, на што нотарот е должен да внимава по службена должност, во согласност член 124 став (3) од Законот за наследувањето.

4. **ПРАШАЊЕ:** Дали може да се повлече предлог за расправање на оставинска постапка за која нотарот одржал две рочишта и наследниците дале наследнички изјави?

**ОДГОВОР:** Според член 121 од Законот за вонпарничната постапка, постапката за расправање на оставина се поведува по службена должност, веднаш штом судот ќе дознае за смртта на лицето или дека лицето е прогласено за умрено.

Во согласност со оваа одредба, нема основ да се дозволи повлекување на предлог за расправање на оставина, бидејќи се работи за предмети поведени по службена должност и доверени на нотарот од судот, па истите не може да бидат повлечени од наследници или кои било трети лица, освен од судот.

Според член 165 став (2) од Законот за вонпарничната постапка, судот ќе одлучи да не се води постапка за расправање на оставината и кога умрениот оставил само подвижен имот, а ниту едно од лицата повикани на наследство не бара да се спроведе расправа.

Во согласност со оваа одредба, во случај кога од смртовницата или од списите на предметот се утврди дека оставината е составена само од движни предмети, а ниеден од наследниците не бара да се расправа оставината или сите наследници поднесат барање за повлекување на предлогот за расправање на оставината, нотарот ќе донесе решение да не се води постапка поради немање на имот.

5. **ПРАШАЊЕ:** Помеѓу акционерско друштво и ДООЕЛ е склучен е договор за купопродажба на недвижен имот. Мнозински сопственик на акциите во АД кое е продавач на недвижниот имот од над 95% од капиталот е лицето кое истовремено е единствен содружник во ДООЕЛ, кое е купувач на предметниот недвижен имот, што значи дека се работи за зделка со заинтересирана страна која треба се одобри од страна на Надзорниот одбор на АД. Притоа, Надзорниот одбор дал позитивно мислење за одлуката за продажба и го задолжил претседателот на Управен одбор истата да ја спроведе, но членови на Надзорниот одбор се лица од потесното семејство на мнозинскиот акционер, односно единствениот содружник на ДООЕЛ. Со оглед на тоа, а согласно со член 460 став (2) од ЗТД, во таков случај одлуката за продажба треба да се одобри од собранието на акционери со мнозинство гласови на акционерите кои немаат интерес. Практично невозможно е одржување собрание на кое би биле присутни малцинските акционери од причина што се работи за бројка од околу илјада акционери кои поседуваат околу 5% од акциите. Како и во која постапка ќе се донесе одлука за одобрување на одлуката за продажба донесена од управниот одбор, со оглед на тоа дека за истата не гласаат лицата кои имаат интерес од таа зделка, а имајќи предвид дека зделката извршена спротивно на одредбите од ЗТД е ништовна?

**ОДГОВОР:** Според член 460 став (2) од Законот за трговските друштва, одлука за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се врши со мнозинство гласови од членовите на одборот на директори, односно на членовите на надзорниот одбор кои немаат интерес во зделката. Ако сите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор, се заинтересирани страни или ако бројот на членовите на одборот на директори, односно членовите на надзорниот одбор, кои немаат интерес е помал од бројот што е потребен за кворум за седницата на одборот на директори, односно на надзорниот одбор, определен во статутот, таквата зделка ја одобрува собранието.

Според став (3), Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас, и тоа ако:

1) вредноста на имотот на којшто се однесува ваквата зделка или поврзаните зделки изнесува 2% или повеќе проценти од книговодствената вредност на имотот на друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото или во однос на понудената цена во случај кога треба да се купи имот;

2) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување или продажба на акции што изнесуваат повеќе од 2% од обичните акции на друштвото, преостанати во тој период, и обичните акции во кои може да се конвертираат хартии од вредност претходно издадени во серии и кои можат да бидат конвертирани во акции или

3) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување на конвертибилни обврзници што може да се конвертираат во обични акции, а кои изнесуваат повеќе од 2% од издадените обични акции на друштвото и ако, во исто време, претходно издадените обични акции во серии се конвертибилни во акции.

Во конкретниот случај, потребно е да се свика собранието на акционери во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на свикување собрание (членовите 385-389), а одлуката ќе биде донесена со мнозинство од присутните малцински акционери на собранието.

6. **ПРАШАЊЕ:** Син или ќерка кои се адвокати од татко или мајка нотар во нотарското работење се среќаваат во повеќе случаи, па прашањата се:

Дали може да составува купопродажен договор и да се солемнизира на нотар и дали може да составува купопродажен договор и како овластено лице да потпишува пред нотар солемнизиран договор како полномошник на странка?

Дали може да ги застапува странките во оставинска постапка како полномошник пред нотар?

Дали може да доставува на нотар платен налог?

**ОДГОВОР:** По однос на застапување при составување нотарска исправа, Стручниот совет ќе изготви Правно мислење.

По однос на застапување во оставинска постапка, Стручниот совет има донесено Правно мислење од 30.11.2021 година според кое:

1) Во случај кога по прием на доверен предмет за спроведување постапка за расправање на оставина нотарот дознае дека постои некоја од причините за негово изземање од постапување по предметот од член 64 точки 1), 3) и 4) од Законот за парничната постапка, должен е да ја прекине секоја работа врз тој предмет и за тоа да го извести претседателот на судот кој му го доверил предметот, кој ќе определи замена во согласност со член 65 став (1) од Законот за парничната постапка.

2) Во случај кога по прием на доверен предмет за спроведување постапка за расправање на оставина нотарот смета дека постојат други околности што ја доведуваат во сомневање неговата непристрасност според член 64 точка 6) од Законот за парничната постапка, за тоа ќе го извести претседателот на судот кој му го доверил предметот, кој ќе одлучи за изземањето во согласност со член 65 став (2) од Законот за парничната постапка. До донесувањето на одлуката, нотарот може да ги преземе само оние дејствија за кои постои опасност од одлагање.

По однос на застапување во постапка по нотарски платен налог, Стручниот совет има донесено Правно мислење од 30.11.2021 година, според кое:

Според член 81 од Законот за нотаријатот, во недостиг на одредби од овој закон и за изземање, соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка. Тоа значи дека во постапка за издавање решение за нотарски платен налог, за изземањето се постапува во согласност со член 64 и др. од Законот за парничната постапка.

Во постапката за издавање решение за нотарски платен налог, нотарот е должен секогаш да се изземе, по сопствено барање, кога ќе дознае дека постои некоја од причините за негово изземање од постапување по предметот од член 64 точки 1), 3) и 4) од Законот за парничната постапка.

7. **ПРАШАЊЕ:** Дали со специјална лична карта издадена од Министерство за надворешни работи на РСМ, лицето со функција лектор во мисија во Амбасада на Турција може да купува патничко моторно возило во РСМ?

**ОДГОВОР:** По однос на поставеното прашање, Стручниот совет има донесено Правно мислење од 22.6.2021 година, според кое:

Докажувањето идентитет на странец е уредено во член 181 став (1) од Законот за странци (Сл. весник на РМ бр. 97/18 и 108/19), според кој странецот го докажува својот идентитет со: патна исправа на државата чиј државјанин е, патна исправа за странци, дозвола за престој, дипломатска, службена, конзуларна или специјална лична карта или со друга јавна исправа која содржи фотографија од која може се утврди неговиот идентитет.

Оттука следува заклучокот дека, во постапка пред нотар, за составување нотарска исправа или заверка, валиден документ со кој се утврдува идентитетот на учесникот кој е странско (физичко) лице претставуваат исправите за докажување идентитет на странец кои се издаваат и се регулирани со Законот за странци.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 16 став (5) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарска комора на РСМ, на 27. седница одржана на ден 27.11.2025 година и во продолжение на 18.12.2025 година, ги утврди и Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 13.3.2026 година, едногласно ги потврди следните:

# О Д Г О В О Р И

## НА ПРАШАЊА ПОСТАВЕНИ ПО ПОВОД НОТАРСКИ ДЕНОВИ 1 ноември 2025 г., х. Александар Палас, Скопје

1. **ПРАШАЊЕ:** Во оставински предмет оставителот починал на 5.5.2024 година и во неговиот Извод од матичната книга на умрените, во рубриката брачна состојба стои женет. Како негови наследници се јавуваат сопруга и две деца, видно од смртовницата.

Од страна на адвокат, во постапката е доставена пресуда на Основен суд Велес од 6.3.2025 година за развод на брак и пресуда на Апелациониот суд Скопје, со која се потврдува пресудата за развод на брак (тужбата за развод е поднесена на 24.1.2024 година од страна на оставителот).

По упатување на нотарот, пресудата да се запише во матичната книга на умрени, пренесено е дека е одбиено од УВМК Велес, бидејќи бракот престанал со смрт на оставителот.

Дали сопругата има право на наследување?

**ОДГОВОР:** Во член 26 од Законот за наследувањето се уредени случаите кога брачниот другар го губи правото на наследување.

Според став (1), правото на наследување меѓу брачните другари престанува со разводот на бракот и со поништувањето на бракот.

Според став (2), брачниот другар нема право на наследство ако:

1) оставителот поднел тужба за развод на бракот, а по смртта на оставителот се утврди дека тужбата била основана, или пак брачниот другар и оставителот поднеле спогодбен предлог за развод на бракот, а до смртта на оставителот постапката по тој предлог не е завршена;

2) неговиот брак со оставителот биде поништен по смртта на оставителот, од причини за чие постоење надживеаниот брачен другар знаел во времето на склучувањето на бракот и

3) неговата заедница на живот со оставителот трајно престанала по негова вина или во спогодба со оставителот.

Според цитираните законски одредби, во конкретниот случај сопругата нема право на наследување.

2. **ПРАШАЊЕ:** При одлучување во отсуство кога на наследникот му е испратена покана по адреса наведена во смртовница, истата е вратена како „преселен“, па е направено обраќање до МВР, од каде е доставена истата адреса и повторно е пуштена покана, и пак истата е вратена со „преселен“ и по адреса од МВР. Дали нотарот може да одлучи во отсуство на наследникот?

**ОДГОВОР:** Според член 128 став (4) од Законот за парничната постапка, доставата на физичко лице се врши на адресата наведена во тужбата. Ако доставата на таа адреса не успее, тогаш доставата се врши на адресата запишана во личната карта.

Според член 3 став (2) од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, граѓанинот е должен во рок од осум дена да ја пријави промената на адресата на станот во живеалиштето.

Според член 4 став (1), граѓанинот кој има намера да престојува подолго од 30 дена надвор од местото на своето живеалиште должен е да го пријави престојувалиштето во рок од осум дена по доаѓањето во местото на престојувалиштето.

Според цитираните законски одредби, конкретниот случај ќе се третира за уредна достава затоа што МВР ја дава последно пријавената адреса, која доколку е променета, наследникот е должен тоа да го пријави во МВР.

3. **ПРАШАЊЕ**: Наследникот е прогласен за наследник во отсуство, уредно е поканет и по доставата на Решението за наследување, се враќа како „преселен", а податоците на адресата на наследникот се од МВР. Како да постапи нотарот за правосилност на решението?

**ОДГОВОР:** Според член 128 став (4) од Законот за парничната постапка, доставата на физичко лице се врши на адресата наведена во тужбата. Ако доставата на таа адреса не успее, тогаш доставата се врши на адресата запишана во личната карта.

Според член 3 став (2) од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, граѓанинот е должен во рок од осум дена да ја пријави промената на адресата на станот во живеалиштето.

Според член 4 став (1), граѓанинот кој има намера да престојува подолго од 30 дена надвор од местото на своето живеалиште должен е да го пријави престојувалиштето во рок од осум дена по доаѓањето во местото на престојувалиштето.

Според цитираните законски одредби, конкретниот случај ќе се третира за уредна достава затоа што МВР ја дава последно пријавената адреса, која доколку е променета, наследникот е должен тоа да го пријави во МВР.

4. **ПРАШАЊЕ:** Во оставински предмет добиен од Основен суд, во смртовницата во рубрика број 4 се наведени лица кои немаат ништо со оставинската постапка, односно се работи за грешка при составување на смртовницата. Дали треба да се коригира смртовницата од УВМК?

**ОДГОВОР:** Според член 143 од Законот за вонпарнична постапка, во ставовите (1) и (2) е уредено:

„Ако на оставинскиот суд му е доставена нецелосна смртовница или само извод од матичната книга на умрените, судот може да состави смртовница или составувањето на смртовницата да му го довери на надлежниот матичар.

Судот може, кога тоа е целосообразно, сам да состави смртовница и надвор од случајот од став (1) на овој член, ако со изводот на матичната книга на умрените или со други јавни исправи е докажана смртта на некое лице или неговото прогласување за умрено."

Во конкретниов случај се работи за грешка при составување на смртовницата од страна на УВМК (матичарот).

Ако нотарот утврди дека во смртовницата има очигледна грешка (наведени се лица што немаат врска со оставителот), ќе постапи на начин што смртовницата која содржи погрешни податоци може да ја дополни, измени или исправи или да му ја врати на матичарот за тоа да го стори тој.

5. **ПРАШАЊЕ:** Оставителката е почината во 2022 година, нејзиниот сопруг во 2023 година, деца во текот на бракот немале, родителите на оставителката се починати.

Во предлогот за водење на оставинска постапка како наследници се наведени децата на нејзиниот покоен сопруг кои не се нејзини деца, а за други наследници предлагачот нема податок. Нотарот објави оглас на кој никој не се јавил (во смисла дали ќе се јават наследници од нејзината лоза, браќа, сестри итн.).

Дали нотарот треба да донесе решение и да го прогласи сопругот за наследник, а со наследничка трансмисија неговите наследници? Или треба да ја подели оставината на 1/2 и само едната половина како имот стекнат во брак со сопругот да ја распредели на неговите наследници?

**ОДГОВОР:** Според член 19 од Законот за наследувањето, ако обата родители на оставителот умреле пред оставителот, а не оставиле ниеден потомок, целата оставина ја наследува надживеаниот брачен другар на оставителот (право на прираснување).

Во конкретниов случај, со смртта на сопругот во 2023 година, кој ја надживеал оставителката, неговите наследници (децата од претходниот брак) ќе го наследат имотот на сопругот (нивниот татко) што го наследил од сопругата во моментот на смртта, по пат на наследничка трансмисија во согласност со член 129 од Законот за наследување.

Заради водење на оставинска постапка за оставителката, нотарот ќе состави смртовница во која ќе се утврди што преставува нејзината оставинска маса. Исто така, нотарот е должен да им укаже на наследниците дека имаат право да бараат издвојување дел од заедничкиот имот што би му припаднал на брачниот другар во оставинска постапка.

За имотот на сопругот кој не е опфатен во имотот којшто преставува оставина на оставителката, неговите деца треба да поднесат предлог за расправање на таа оставина.

6. **ПРАШАЊЕ:** Оставителот починат во 2025 година, има брачен другар кој е жив, деца немаат. Таткото на оставителот е починат во 2000 година, а мајката е почината во 2002 година. Оставителот имал само еден брат кој е починат во 2021 година. Братот на оставителот има жива сопруга и три деца.

Дали во конкретниот случај, покрај децата на братот, наследува и сопругата на братот кој е починат пред оставителот?

**ОДГОВОР:** Според член 14 од Законот за наследување, правото на претставување важи само за потомците (децата, внуците, правнуците итн.) на оставителот, кое се применува во права надолна линија, а не и за неговиот брачен другар.

Правото на претставување се применува само кога наследникот ќе почине пред оставителот.

Во конкретниов случај, по право на претставување за наследници ќе се прогласат само децата на братот, а брачниот другар (сопругата на братот) нема право на наследување, бидејќи наследничка трансмисија ќе се применува само кога братот би го наджива оставителот.

7. **ПРАШАЊЕ:** Предлогот за расправање на оставината до судот е поднесен од страна на предлагач - доверител на оставителот, со наводи дека има правен интерес да се спроведе оставинската постапка и да ја расправи оставината на оставителката.

Од страна на учесникот (син на оставителката), преку неговиот полномошник адвокат, до нотарот е испратено писмено известување, со наводи дека доверителот нема активна легитимација за поднесување предлог. Се повикува на судска пракса од Коментар на Закон за наследување од 2015 година и бара од нотарот да донесе Решение за запирање на постапката.

Во согласност со член 173 став (1) од ЗВП, наведено е таксативно во кои случаи судот/нотарот ќе ја прекине постапката и учесниците ќе ги упати да поведат парнична, односно управна постапка. Во став (2) од истиот член стои „Ако во наведените случаи нема спор за факти, а спорот меѓу учесниците е за примена на право, правните прашања ќе ги расправи оставинскиот суд.“

Дали во овој случај нотарот треба да ја прекине постапката и учесниците да ги упати на спор или да продолжи со постапката и покрај укажувањето дека предлагачот нема активна легитимација?

**ОДГОВОР:** Според член 121 од ЗВП, постапката за расправање на оставина се поведува по службена должност, веднаш штом судот ќе дознае за смртта на лицето или дека лицето е прогласено за умрено.

Според член 3 став (1) од ЗВП, учесник во вонпарничната постапка е лице на кое одлуката на судот непосредно се однесува, кое својот правен интерес го остварува преку барање судот да донесе одлука, како и лице, односно орган чие право на учество е определено со закон.

Во конкретниов случај, оставинската постапка е поведена по службена должност од страна на судот, а поднесениот предлог од доверителот се смета за известување на судот за смртта на оставителот.

Доверителите на оставителот имаат правен интерес да поднесат известување за поведување оставинска постапка со цел да обезбедат наплата на своите долгови од наследството на починатиот. Тоа значи дека тие имаат правен интерес, но не се наследници.

Во членовите 173, 174 и 175 од ЗВП е уредено во кои случаи нотарот ќе го прекине расправањето на оставината и учесниците ќе ги упати да поведат парнична, односно управна постапка.

Учесникот (син на оставителката) и покрај тоа што тврди дека доверителот нема активна легитимација и бара нотарот да го запре постапувањето, сепак нема услови за прекин на постапката, бидејќи не станува збор за спор за факти.

8. **ПРАШАЊЕ:** Оставителот Косте починал во 1981 година. Пред да почине, направил договор за доживотна издршка со некој Бранко, кој не бил никаков роднина, но тој договор само го составиле, па Косте починал и судот во наследното решение констатира дека договорот не е заверен и не го зема предвид.

Судот, согласно со смртовницата, за наследник ја огласува Мара Џајковска, наводно сестра на Косте (Коста бил вдовец, а деца немал), па Мара по 1 месец му го продава истиот имот што бил опфатен со Договорот за доживотна на Бранко. Во предметот од судот и во наследното решение нема никаков доказ дека наследникот Мара му била сестра. Нема ниту извод на родените за неа, ниту дата на раѓање. Само име и презиме. Во смртовницата е запишана само таа, како сестра, и други наследници не се запишани.

Доставена е ОДУ изјава од двајца сведоци дека таква личност не постои, дека Косте немал сестра, исто така МВР одговора дека ја нема во системот и од УВМК дека такво лице не е запишано во книгата на родените, односно дека такво лице не постои.

Сега е поднесено барање за дополнително пронајден имот на Косте, со приложена ОДУ изјава со 2 сведоци за чуваник и хранител. Оставителот Косте е хранител, а Милан е чуваник. Изјавата е согласно со член 29 од ЗН и е во ред, со сите законски услови. Чуваников Милан (непосвоеното дете) починал во 2012 година. Косте и Милан, согласно со изводите од МК на умрените имале иста адреса на живеење. Исто така, има решенија од 2024 година од Основен суд за прогласување смрт на родителите на Косте, во кои исто така е констатирано дека Косте бил дете единец, немал браќа и сестри, и дека помеѓу Косте и Милан биле воспоставени законските односи помеѓу хранител и чуваник.

Прашањето во однос на новопронајдениот имот е:

Во однос на сестрата Мара, дали согласно со член 173 од ЗВП да се прекине оставинската постапка и да се упатат учесниците (внуците на Милан) да поведат парнична постапка, односно управна постапка и да докажат дека сестрата не постои, односно нема право на наследство или согласно со полномошната од адвокатот да се состави нова смртовница за Косте, во која ќе се внесат само чуваникот и хранителот и наследниците на Милан и дали тие можат по право на претставување да наследат од Косте, односно Милан (чуваникот), кој починал во 2012 година.

**ОДГОВОР:** Според член 29 став (1) од Законот за наследување, чуваникот и хранителот, посинокот и паштерката и очувот и маќеата, снаата и свекорот и свекрвата, зетот и тестот и тештата и лица кои се крвни роднини, кои живееле во трајна заедница, заемно се наследуваат под услов умрениот да не оставил брачен другар и други наследници од првиот наследен ред и родители и браќа и сестри. Во овој случај, овие лица ја наследуваат целата оставина на еднакви делови.

Во конкретниот случај, постои оставинско решение со кое за наследник на оставителот е огласена сестра, која доколку навистина постои, ја исклучува примената на член 29 од Законот за наследување.

Во однос на новопронајдениот имот, во согласност со член 173 од ЗВП, нотарот треба да ја прекине постапката и да ги упати на спор внуците на чуваникот заради остварување на нивните права.

9. **ПРАШАЊЕ:** Во тек е оставинска постапка каде оставителот има оставено договор за доживотна издршка, кој е склучен помеѓу оставителот како примател на издршка и неговиот син како давател на издршката.

Според поднесената документација, давателот на издршката е починат во 2001 година, а оставителот е починат во 1996 година.

Освен недвижниот имот, кој е опфатен со договорот за доживотна издршка, друг имот нема. Дали треба да се прекине оставинската постапка и да се води оставина за примателот на издршката или да се огласат како наследници потомците на давателот на издршката?

**ОДГОВОР:** Според член 33 став (2) од Законот за наследување, во оставината не влегуваат добрата со кои оставителот располагал со договорот за доживотна издршка, а чие предавање на давателот на издршката е одложено до смртта на примателот на издршката.

По однос на имотот опфатен со договорот за доживотна издршка, нотарот ќе донесе решение да не се води постапка поради немање имот, во согласност со член 165 став (1) од ЗВП.

10. **ПРАШАЊЕ:** Оставител е странец кој има имот во РМ, но починал во странство, никогаш не живеел, односно нема последно место на живеење во РМ, нема наследници во РМ.

Дали суд на РМ има стварна надлежност за ваков предмет?

**ОДГОВОР:** Според член 129 од ЗВП, за расправање на оставина месно е надлежен судот на чие подрачје оставителот во времето на смртта имал постојано живеалиште, односно престојувалиште (оставински суд).

Ако оставителот во времето на смртта немал живеалиште или престојувалиште во Република Македонија, за расправање на оставината месно е надлежен судот на чие подрачје оставителот има оставина, а неговите наследници поднеле барање за поведување на оставинска постапка.

Според член 138 од ЗМПП, судот на Република Северна Македонија е надлежен за расправање на оставината и кога оставителот во времето на смртта немал живалиште или вообичаено престојувалиште во Република Северна Македонија доколку еден дел или целата оставина се наоѓа во Република Северна Македонија и ако:

1) правото на Република Северна Македонија е избрано како меродавно право за расправање на оставината од страна на оставителот во согласност со членот 52 од овој закон или

2) оставителот во времето на смртта бил државјанин на Република Северна Македонија или

3) примената на овој член се однесува само на таа оставина.

Во согласност со цитираните законски одредби, за оставина во РСМ која се состои од недвижен имот надлежен е нотар во РСМ.

11. **ПРАШАЊЕ:** Во врска со полномошната на адвокат со кој се овластени да дадат позитивни наследнички изјави, го знам ставот на Комората дека тие полномошна не треба да се заверуваат, меѓутоа имаме огромна неусогласеност на праксата по ова прашање, кое е потполно јасно, па би сакал уште еднаш и на ова да се навратиме и конечно да успееме да го усогласиме постапувањето.

**ОДГОВОР:** Според член 170 став (4) од Законот за вонпарничната постапка, наследничката изјава ја потпишува наследникот лично или неговиот законски застапник. Потписот на наследничката изјава која не е дадена пред суд, пред нотар или пред дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија во странство (ставови (2) и (3)), како и потписот на полномошното за да се даде наследничка изјава, мора да биде заверена од нотар. Полномошното со кое се овластува адвокат да даде негативна наследничка изјава не треба да биде заверено од нотар.

Од цитираната законска одредба произлегува дека полномошното со кое се овластува адвокат да даде негативна наследничка изјава, односно да се откаже од наследство, не треба да биде заверено од нотар, па дотолку повеќе не треба да биде заверено и полномошното со кое се овластува адвокат да даде позитивна наследничка изјава за имот кој се наследува по сила на закон.

12. **ПРАШАЊЕ:** Во оставински постапки во умреницата кај оставителот кога кај брачна состојба пишува вдовец, дали задолжително се бара умреница и од починатата сопруга?

**ОДГОВОР:** Кога во извод од матична книга на умрените за оставителот е запишано дека е вдовец, не е задолжително да се бара извод од матичната книга на умрените за сопругата.

Доколку нотарот оцени дека е потребно да се потврди тој факт, не е забрането да побара извод.

13. **ПРАШАЊЕ:** Во Договор за дар и продажба, кога нема матичен број на сопственикот во имотен лист, дали може да се солемнизира со изјава од двајца сведоци кои потврдуваат дека се работи за едно исто лице или мора да ги упатиме странките да бараат да се упише матичен број?

**ОДГОВОР:** Во конкретниот случај станува збор за незапишан матичен број во АКН за живо лице, па странките треба да побараат упис на матичниот број за сопственикот во АКН со поднесена Изјава (Прилог бр. 27) заверена од нотар, во согласност со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за одржување на Катастарот на недвижности (Сл. весник на РСМ бр. 88/2021).

14. **ПРАШАЊЕ:** Договор за отстапување на имот за време на живот дали се прави само во форма на нотарски акт или може како солемнизација, и освен потомците за потпис, дали бараме и двајца сведоци?

**ОДГОВОР:** Според член 1023 став (1) од ЗОО, отстапувањето од член 1022 на овој закон и распоредувањето на имотот е полноважно единствено ако со тоа се согласиле сите потомци и брачниот другар на оставителот кои според законот ќе бидат повикани да ја наследат неговата оставина.

Според став (2), договорот за отстапување имот за време на живот мора да биде составен во писмена форма и заверен од надлежен суд или од нотар.

Според член 55 став (1) од Законот за нотаријатот, ако не е во прашање правна работа за која според овој закон е задолжително постоење нотарски акт, странките се должни приватната исправа за правната работа врз основа на која се стекнува, престанува, пренесува или ограничува право на сопственост или друго право на недвижност, или права за кои се водат јавни книги, да ја потврдат кај нотар.

Договорот за отстапување имот за време на живот треба да биде составен во форма на јавна исправа, а во конкретниов случај под јавна исправа се подразбира нотарски акт или солемнизација.

При склучување на ваков договор, потребна е согласност од сите потомци и од брачниот другар на оставителот. Сведоци не се потребни.

15. **ПРАШАЊЕ:** Во оставинска постапка е приложен договор за доживотна издршка кој наследникот се обидел да го запише во АКН, имено тие утврдиле несоодветност на податоците во ИЛ кој е запишан во сопственост на оставителот, а во договорот за доживотна издршка стои дека предметната недвижност е сопственост на двајцата приматели на издршката (оставителот и неговата сопруга која е жива), по што АКН го одбила уписот поради неисполнети услови за постапување по договорот.

Исто така, АКН во Потврдата за одбивање констатирале дека во договорот за доживотна издршка катастарските податоци не се целосно содржани, односно КП која се состои од 4 ставки со различна култура во договорот се цитирани 3 ставки, а една КП со ист број нема можност да се дели по култура, што исто така е причина за неспроведливост на Договорот за доживотна издршка.

Дали постапката за решавање на оставината да се запре до смртта на другиот брачен другар? И како да се решава за земјиштето под објект и дворното место каде една КП е пропуштена?

**ОДГОВОР:** Според член 33 став (2) од Законот за наследувањето, во оставината не влегуваат добрата со кои оставителот располагал со договорот за доживотна издршка, а чие предавање на давателот на издршката е одложено до смртта на примателот на издршката.

Договорот за доживотна издршка произведува правно дејство кога ќе почине и другиот примател на издршката.

Во конкретниов случај, нотарот ќе донесе едно решение, со кое ќе одлучи на следниот начин:

Под точка 1, по однос на имотот опфатен со договорот за доживотна издршка, нотарот ќе донесе решение да не се води постапка поради немање имот, во согласност со член 165 став (1) од ЗВП.

Под точка 2, за делот кој не е опфатен во договорот за доживотна издршка, а е спорен, нотарот ќе ги упати наследниците на спор во согласност со член 173 од ЗВП.

16. **ПРАШАЊЕ:** Оставителот оставил тестамент со кој како свој тестаментален наследник го определил својот внук (малолетно лице), на кој му оставил и легат со кој му наложува да му исплати на својот чичко (на кој не е познато неговото живеалиште), самиот или преку својот законски застапник, определен паричен износ како надомест за недвижноста. Само во тој случај е наведено во тестаментот дека истиот ќе произведува правно дејство.

Дали нотар ќе побара доказ за исполнување на оваа обврска пред да го прогласи за тестаментален наследник малолетниот внук, или само ќе констатира во Решението дека постои легат, па така и Катастарот да ја впише таа прибелешка во имотниот лист?

**ОДГОВОР:** Од опишаното произлегува дека оставителот го назначил малолетниот внук за тестаментален наследник и му наложил да исплати одреден паричен износ на неговиот чичко (чија адреса не е позната) и притоа навел услов дека само во тој случај тестаментот ќе произведе правно дејство.

Во конкретниов случај не станува збор за легат во смисла на Законот за наследување туку станува збор за налог да се изврши одредено дејствие кое е услов за тестаментот да произведе правно дејство, па поради тоа нотарот ќе донесе решение со кое ќе го огласи малолетниот внук за тестаментален наследник под услов да исплати одреден паричен износ на неговиот чичко.

Решението за наследување ќе биде спроведено во АКН само доколку наследникот приложи доказ дека налогот (условот) е исполнет (исплатена е сумата) или доказ дека не може да се исполни по вина независна од наследникот (на пр., доколку чичкото не може да се најде, тогаш да се приложи доказ дека сумата е депонирана во судски депозит).

17. **ПРАШАЊЕ:** Пред 3 години е расправана оставина каде починатиот немал деца, само сопруга и браќа и сестра од родителите во втор наследен ред.

Сопругата барала издвојување на една половина имот стекнат во брак, што е и направено. Другата половина е поделена по идеален дел на сопругата, братот и сестрата, без да се запази дека една половина од половината треба на сопругата, а другата половина на братот и сестрата по пат на претставување од родителите.

После три години, адвокат на сопругата бара да се исправи наследното решение, а наследниците не се во добри односи.

Дали нотарот може да направи исправка на решението за наследување, третирајќи дека станува збор за техничка грешка?

**ОДГОВОР:** Во член 128 ставови (8) и (9) од ЗВП е уредено дека:

„Грешките во имињата и броевите, како и други очигледни грешки во пишувањето и сметањето, ќе ги исправи оној што го донел решението.

Исправките ќе се извршат со посебно решение, а на учесниците ќе им се достави посебно решение.“

Во конкретниов случај, не станува збор за грешка чија природа е таква која може да се исправи со решение за исправка. Откако, нотарот ќе го прибави предметот од судот, ќе донесе решение со кое барањето за исправка ќе го одбие како неосновано со право на приговор до надлежниот суд.

18. **ПРАШАЊЕ:** Доставен е договор за дар на недвижен имот од родител на син и ќерка, на кој треба да се направи солемнизација.

Договорот за дар спрема ќерката е без услов, а во однос на недвижниот имот даден на синот, адвокатот во член 5 напишал дека даропримачот недвижниот имот ќе го прими по смртта на дародавачот и неговата сопруга.

Овој договор содржи елемент на договор за дар со одложено примање во владение.

Дали може да се направи солемнизација на едниот договор или се потребни посебни договори?

**ОДГОВОР:** Според член 174 став (1) од Законот за катастар на недвижности, запишувањето во катастарот на недвижности се врши врз основа на:

- закон,

- правосилни судски одлуки, одлуки за привремена мерка, претходна мерка и други акти за обезбедување на побарувања согласно со закон,

- одлука на Владата на Република Македонија,

- конечни, односно правосилни акти на органите на државната власт, на органите на единиците на локалната самоуправа и на градот Скопје, правни и други лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања,

- правни дела и

- изјави заверени кај нотар врз основа на кои може да се изврши запишување на правата на недвижностите, или за прифаќање на новоутврдената гранична линија и прифаќање на фактичка состојба дадени кај овластениот геодет составен дел на геодетскиот елаборат, чие поднесување е задолжително утврдено со овој или со друг закон.

Според член 176 став (1) од Законот за катастар на недвижности, услов за запишување во катастарот на недвижности е постоење правен основ подобен за запишување.

Според став (2), се смета дека правниот основ од став (1) на овој член е подобен за запишување кога:

- исправите за правниот основ се склучени во писмена/електронска форма и заверени од надлежен орган согласно со закон,

- актите на надлежните органи се конечни, односно правосилни и

- постои соодветност на податоците од член 175 од овој закон.

Во конкретниов случај не постои правна пречка за составување на еден договор за дар со различни даропримачи и услови доколку во договорот прецизно се наведени, односно содржани две самостојни и раздвоиви правни работи, кои можат да бидат подобен правен основ за упис во Катастарот.

19. **ПРАШАЊЕ:** Постапувајќи во оставински предмет во кој покојниот има оставено судски тестамент, нотарот ја прекинал постапката по вложен приговор од страна на едниот од законските наследници и донел Решение за прекин на постапката, со кое го упатил во рок од 30 дена да поведе парнична постапка за поништување на тестаментот.

Со увид во тужбата за поништување на тестаментот, констатирано е дека тој не бара поништување за целиот имот опфатен со тестаментот туку само за дел од имотот, поради што наследникот огласен за тестаментален наследник за делот од имотот за кој не е побарано поништување на тестаментот, поднесе до нотарот Предлог за продолжување на прекинатата постапка повикувајќи се на член 315 од ЗПП.

Како да постапи нотарот во овој случај?

**ОДГОВОР:** Во конкретниов случај, бидејќи тужбата за поништување на тестамент се однесува само на дел од имотот, оставинската постапка може да продолжи за делот што не е опфатен со тужбата.

Нотарот ќе донесе Решение за продолжување на постапката за неспорниот дел (за имотот кој не е предмет на тужбата) и потоа ќе донесе решение за наследување за тој дел од имотот.

По завршување на спорот по тужбата за поништување на делот од имотот опфатен со тестаментот, истиот ќе се третира за новопронајден имот за кој ќе се донесе друго решение за наследување.

20. **ПРАШАЊЕ:** Оставител од првиот брак има четири деца, стекнат имот со првата сопруга којшто никој не спори дека е стекнат во брак, а во меѓувреме се прежени со втората сопруга, која е жива и со која нема деца.

Кој во овој случај ќе биде наследник и од кој наследен ред, имајќи го предвид фактот дека децата од првиот брак се наследници од прв ред, а редовите се исклучуваат, но сегашната сопруга исто така е наследник.

**ОДГОВОР:** Во конкретниов случај, оставителот има четири деца од првиот брак, втора сопруга (со која нема заеднички деца) и имот стекнат во брачна заедница со првата сопруга.

Наследниот ред се определува според моментот на смртта, а не според тоа од кој брак потекнуваат децата.

Наследници од прв наследен ред се децата (сите деца, од сите бракови) и сопругата (која е жива во моментот на смртта). Тоа значи дека децата од првиот брак и втората сопруга заедно наследуваат од прв ред. Сопругата секогаш влегува во ист наследен ред со децата

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

# ГЛАВА IV

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД ПРИМЕНАТА НА ЗСППФТ

Врз основа на член 155 став (2) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (Службен весник на РСМ бр. 151/22, 208/24, 59/2025 и 267/2025) и член 160 став (4) од Законот за нотаријатот (Службен весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), Комисијата на Нотарската комора на РСМ за вршење надзор над примената на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, на седницата одржана на ден 4 февруари 2026 година, донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН

## за вршење надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам од страна на нотарите во 2026 година

1. Во текот на 2026 година, Комисијата ќе врши надзор над примената на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам на следниот начин:

а) Комисијата ќе врши ад хок надзор по сопствена иницијатива, врз основа на претставки на странки, на нотари и други службени лица, ако тие содржат основано укажување дека е извршена сомнителна трансакција.

б) Систематското вршење надзор од аспект на спречување на перење пари Комисијата ќе го врши на тој начин што ќе бидат формирани поткомисии составени од по 2 (два) члена на оваа Комисија, кои во текот на 2026 година непосредно ќе извршат надзор над работењето на 14 (четиринаесет) нотари, и тоа 7 (седум) нотари ќе бидат опфатени во првото полугодие и 7 (седум) нотари во второто полугодие.

Надзорот во 2026 година ќе се изврши според следната класификација на нотарите по градови:

- 2 нотари од подрачјето на Град Скопје,
- 1 нотар од Кавадарци,
- 1 нотар од Гевгелија,
- 2 нотари од Струга,
- 2 нотари од Битола,
- 1 нотар од Берово,
- 1 нотар од Штип,
- 2 нотари од Струмица,
- 2 нотари од Кичево,
- 1 нотар од Тетово и
- 1 нотар од Гостивар.

При вршењето на надзорите вниманието главно ќе биде насочено кон:

- Изготвување и ажурирање на Проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам на ниво на субјект со цел да ги идентификуваат, проценат, разберат и намалат ризиците од перење пари и финансирање на тероризам во согласност со член 11 од Законот,

- вршење Проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам за секој клиент во согласност со член 15 став (4) од Законот,

- ажурирање и примена на Програмата за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам, во согласност со член 12 од Законот,

- применување на индикаторите за анализа на ризикот и за препознавање сомнителни трансакции,

- спроведување процедура на анализа на клиентот во согласност со член 13 од Законот,

- вршење идентификација на клиентите и потврдување на нивниот идентитет и идентификација и потврдување на идентитетот на вистинскиот сопственик во согласност со членовите 16, 17, 18 и 19 од Законот,

- задржување копија во хартиена и/или електронска форма од документот за идентификација на физички и правни лица во согласност со член 17 став (6) од Законот,

- спроведување засилени мерки на анализа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во согласност со член 39 од Законот,

- спроведуваање на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во согласност со член 42 од Законот и одредување на лицата кои се носители на јавни функции, преку обезбедување изјава за носител на јавна функција или на друг начин,

- задржување доказ дека плаќањето со готовина во износ од 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност, во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги во согласност со членовите 58 и 204 став (2) од Законот,

- чување копии од документите, односно електронските записи од податоците обезбедени со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација согласно со закон, со кои го утврдуваат и верификуваат, односно го идентификуваат и автентицираат идентитетот на клиентот, ополномоштувачот и вистинскиот сопственик, за спроведените процедури за анализа на клиентот или вистинскиот сопственик и за реализираните трансакции или трансакциите во обид, клиентското досие и деловната кореспонденција, десет години во електронска или хартиена форма по извршената трансакција, сметано од последната трансакција, во согласност со член 62 од Законот,

- извршување на должностите од член 64 став (1) од Законот за доставување на собраните податоци од извршените трансакции во вредност од 15.000 евра или повеќе до Управата за финансиско разузнавање, најдоцна во рок од три работни дена од денот на составувањето, односно заверувањето,

- извршување на должностите од член 65 од Законот за доставување податоци за сомнителни трансакции до Управата за финансиско разузнавање,

- именување на овластено лице и негов заменик во согласност со член 68 од Законот и достава на известување до Управата во согласност со член 68 став (15) од Законот,

- вршење обука на вработените во согласност со член 12 став (1) алинеја 12 и член 68 став (14) од Законот и

- вршење внатрешна контрола над спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, во согласност со член 69 од Законот.

Притоа, во записниците од извршените надзори задолжително ќе се утврдува наод и мислење во врска со обврската на нотарите за спречување на перење пари и, во зависност од наодите, Комисијата ќе презема соодветни мерки во согласност со Законот и за тоа ќе ја известува Управата за финансиско разузнавање.

2. Комисијата задолжително ќе изврши контрола над работењето на нотар по образложено барање на Управата за финансиско разузнавање и ќе ја извести за резултатите од извршената контрола.

3. Комисијата редовно, а најмалку еднаш годишно, ќе ги известува Управниот одбор и Собранието на Нотарската комора за примената на Законот и Програмата за примена на мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на нотарите, врз основа на извршениот надзор и наодите во врска со спречувањето перење пари.

4. Комисијата ќе ги извести Претседателот на Комората, Управниот одбор и Дисциплинскиот совет доколку утврди дека постои основано сомнение за сторено кривично дело или прекршок на перење пари од страна на нотар или негов соработник.

5. Комисијата ќе ја усогласува и координира својата работа со Управата за финансиско разузнавање во врска со спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и други казниви дела.

Составен дел на овој Годишен план е и Списокот на нотари на кои треба да се изврши надзор над работењето во 2026 година во делот на примена на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ
Комисија за вршење надзор над примената на
Законот за спречување перење пари и
финансирање на теоризам

Претседател
Нотар Ана Јолакоска с.р.

# СПИСОК НА НОТАРИ
## НА КОИ ЌЕ СЕ ИЗВРШИ НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО ВО ПРИМЕНА НА ЗСППФТ ВО 2026 ГОДИНА

## 1. Апелација Скопје

- нотар **Анастасија Петреска** – Скопје
- нотар **Фатмир Ајрули** – Скопје
- нотар **Пане Нацев** - Кавадарци
- нотар **Ѓорги Николов** – Гевгелија

## 2. Апелација Битола

- нотар **Александра Петровска Ангеловска** – Битола
- нотар **Андреј Христов** – Битола
- нотар **Генци Мухареми** – Струга
- нотар **Анита Кипаризовска – Крстеска** – Струга

## 3. Апелација Штип

- нотар **Лидија Илиевска** – Пробиштип
- нотар **Данче Шеримова** – Струмица
- нотар **Верица Панова Стевкова** – Струмица
- нотар **Татјана Миовска** – Берово

## 4. Апелација Гостивар

- нотар **Весна Масловариќ Костовска** – Тетово
- нотар **Себаедин Даути** – Гостивар
- нотар **Букурије Алими** – Кичево
- нотар **Елица Коруноска Богески** – Кичево

# ГЛАВА V

## СЕНТЕНЦИ

**Нотарот е должен да издаде решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа веднаш, а најдоцна во рок од три дена по приемот на предлогот, ако оцени дека се исполнети условите за неговото издавање утврдени со член 71 ставови (1) и (6) од Законот за нотаријатот.**

## Од образложението:

Во предлогот на Министерство за правда за поведување дисциплинска постапка против нотарот Н.Н. од Скопје, бр..., доставен до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, се укажува дека нотарот, постапувајќи спротивно на начин опишан во сентенцијата, сторил дисциплинска повреда по член 140 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, со предлог да му биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на постапката, Дисциплинскиот совет ја утврди следната фактичка состојба по предметот: Во предметот НПН бр. 182/23, на ден 13.6.2024 година, нотарот Н. Н. примил предлог за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа – извод од заверена деловна книга од ..., доставен од страна на доверителот..., поднесен против должникот Ѓ. Б., за долг во износ од 903,оо денари. Во натамошниот тек на постапката, на ден 14.06.2023 година, нотарот Н.Н. издал решение за нотарски платен налог под НПН бр. 182/23. Бидејќи од страна на доверителот не се уплатени нотарската награда и трошоците, нотарот Н.Н., на ден..., до доверителот доставил фактура бр. 182/23, со која побарал, за предметите НПН бр. 161/23 до 656/23 (вкупно 495 предмети), да биде уплатено на име нотарската награда и трошоците за доставата на решенијата вкупно 304.911,оо денари. Откако доверителот постапил по наведената фактура и извршил уплата на бараниот паричен износ, што нотарот Н.Н. го утврдил врз основа на извод од денарска сметка за 14.02.2024 година, истиот пристапил кон достава на решението НПН бр. 182/23 од 14.06.2024 година. Доставата на решението до доверителот и должникот е вршена преку ВИП Пошта ДООЕЛ Скопје. До доверителот решението е доставено на ден 16.02.2024 година, а до должникот првиот обид за доставата е извршен на ден 26.02.2024 година, вториот на ден 4.03.2024 година, кога е оставено известување за преземање на пратката, по што должникот, на ден 12.03.2024 година, го примил наведеното решение со приложени докази.

Според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, постапувајќи на начин утврден во фактичката состојба по предметот, нотарот Н. Н. сторил дисциплинска повреда по член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот. Имено, во конкретниов случај, според утврденото, нотарот Н. Н. не постапил согласно со член 71 став (7) од Законот за нотаријатот, според кој решението за издавање нотарски платен налог веднаш се доставува до доверителот или до неговиот полномошник и до должникот, ако се има предвид дека решението НПН бр. 182/23 нотарот го издал на ден 14.6.2026 година, а дека до должникот е доставено на ден 12.03.2024 година, што значи по протек на временски период подолг од шест месеци. При донесувањето на решението Дисциплинскиот совет го има предвид членот 153 став (7) од Законот за нотаријатот, според кој нотарот нема да издаде нотарска исправа или решение кое го донесува согласно со одредбите од овој закон доколку странките претходно не ги надоместат нотарската награда и трошоците на нотарот и адвокатот и таксите утврдени со овој закон, со каква содржина е и член 26 од Нотарската тарифа. Меѓутоа, од утврдената фактичка состојба по предметот се заклучува дека нотарот Н. Н., во конкретниов случај, не постапувал во разумен рок, бидејќи цитираната законска одредба од член 71 став (7) од Законот за нотаријатот укажува на потребата од итно постапување при достава на решението со употребениот збор „веднаш“. Во наведената смисла, фактот дека решението НПН бр. 182/23 е издадено на ден 14.06.2023 година, а дека фактурата за наплата на нотарската награда и трошоците е изготвена на ден 27.12.2023 година, претставува неоправдано одложување на постапката. Ова поради тоа што нотарот Н.Н. бил должен до доверителот веднаш да достави фактура за наплата на нотарската награда и трошоците на по-

стапката, а не тоа да го стори по протек на шест месеци, на ден 27.12.2023 година, на што основано се укажува во Предлогот за поведување дисциплинска постапка доставен од страна на Министерство за правда.

Дисциплинскиот совет ја ценеше изнесената одбрана на нотарот Н. Н., меѓутоа ја оцени како неоснована, бидејќи не укажува на ниту една објективна причина поради која дошло до утврденото одолговлекување на постапката.

При утврдување на правната квалификација на сторената дисциплинска повреда, Дисциплинскиот совет се раководи со член 25 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, според кој не е врзан за предлозите на подносителот на предлогот за поведување дисциплинска постпка, во поглед на правната оцена на дисциплинската повреда. Според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, во конкретниов случај, нотарот Н. Н. со дејствието утврдено во фактичката состојба по предметот сторил дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот - „одбивање без оправдани причини, одложување или несовесно исполнување на обврските определени со закон, подзаконските акти и актите на Комората", а не и повреда од член 140 став (1) алинеја 1), на која се укажува во Предлогот за поведување дисциплинска постапка.

Поради наведеното, а по оцена на околностите од член 133 став (2) од Законот за нотаријатот и член 23 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, кои се од влијание врз видот и висината на дисциплинската мерка, спрема нотарот Н. Н. е изречена дисциплинска мерка парична казна во износ од 500 евра во денарска противвредниост според средниот курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на донесувањето на решението.

(Решение на Дисциплинскиот совет на Република Северна Македонија, ДП бр. 13/2024 од 3.12.2024 година)

**Во текот на постапката за ставање потврда за извршност на нотарскиот акт или потврдена (солемнизирана) приватна исправа, нотарот, согласно со член 53 став (5) од Законот за нотаријатот, нема обврска, по службена должност, да внимава на евентуално настапената застареност на побарувањето, туку е должен само да постапи согласно со наведената законска одредба.**

## Од образложението:

Во претставката доставена до Нотарската комора на Република Северна Македонија, подносителот С. М., меѓу другото, наведува дека  нотарот Н. Н., кој постапувал по предметот, иако знаел дека нотарскиот акт ОДУ бр. ... како извршна исправа е апсолутно застарен согласно со член 350 и член 368 од Законот за облигационите односи, истиот ставил потврда за извршност на ден... Со ставањето на потврдата за извршност нотарот овозможил доверителот да се стекне со право повторно да го наплати долгот кој веќе е исплатен и застарен.

Во писмениот одговор доставен од страна на нотарот Н. Н., меѓу другото, се наведува дека по писмено барање на доверителот И. А., кон кое е приложена изјава за доспеаност на долгот, а која е заверена од негова страна, постапувал согласно со член 53 од Законот за нотаријатот, при што ставил потврда за извршност на нотарската исправа. Во наведената законска одредба и во Законот за нотаријатот не постои обврска нотарот, при ставање на потврда за извршност, да проверува дали побарувањето е застарено, бидејќи за тоа одлучува само судот, во случај ако од страна на должникот е ставен приговор на застареност.

## Фактичката состојба по предметот е следната:

Во постапката пред нотарот Н. Н. составен е нотарски акт - Договор за заем на парични средства (позајмица), под ОДУ бр..., во кој лицето И. А. е заемодавачот, а подносителот на претставката С. М. е заемопримачот. Според член 3 од Нотарскиот акт, согласно со член 53 став (1) од Законот за нотаријатот, истиот претставува извршна исправа. На ден... учесникот И. А. има доставено писмено барање на наведениот нотарски акт да биде ставена потврда на извршност, заедно со изјава за пристигнатост на побарувањето, на која е заверен потпис на подносителот под УЗП бр... Постапувајќи по барањето, нотарот Н. Н. на нотарскиот акт ОДУ бр..., на ден..., ставил потврда на извршност врз основа на потврдата на извршност изготвена под ОДУ бр... Подносителот на претставката до нотарот Н. Н. има доставено барање за укинување на потврдата за извршност ставена на нотарскиот акт ОДУ бр..., по кое истиот не постапил со образложение дадено во писменото известување од...

При напред утврдената фактичка состојба по предметот, според наоѓањето на доносителот на известувањето, неосновани се наводите на подносителот на претставката дека нотарот Н. Н. при преземањето на нотарските дејствија за ставање потврда за извршност на нотарската исправа ОДУ бр... не постапувал во согласност со Законот за нотаријатот.

Имено, според член 53 став (1) од Законот за нотаријатот, нотарската исправа е извршна исправа ако во неа е утврдена определена обврска за чинење за која странките можат да се договорат и ако содржи изјава на обврзникот за тоа дека врз основа на таа исправа може заради остварување на чинењето по доспеаноста на обврската непосредно да се спроведе присилно извршување, со каква содржина е член 3 став (1) од нотарскиот акт ОДУ бр... Според став (5) од наведената законска одредба, нотарот кој го составил нотарскиот акт или ја потврдил приватната исправа ќе стави потврда на извршност на исправата, по писмено барање на доверителот, кон која е приложена неговата заверена изјава од нотар под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека побару-

вањето или дел од него доспеало. Потврдата на извршност на нотарската исправа нотарот ја става врз основа на изготвена посебна потврда за целосна или делумна извршност на нотарскиот акт.

Во конкретниов случај, нотарот Н. Н. постапил целосно во согласност со цитираната законска одредба од член 53 став (5) од Законот за нотаријатот, при што донел посебна потврда за извршност на нотарскиот акт ОДУ бр... Во текот на постапката за ставање потврда на извршност нотарот нема обврска, по службена должност, да внимава на евентуална застареност на побарувањето, туку е должен само да постапи согласно со цитираната законска одредба од член 53 ставови (1) и (5) од Законот за нотаријатот, на кој начин, според утврденото, нотарот Н. Н. постапил, а на што основано укажува во доставениот писмен одговор на претставката.

Поради наведеното, претставката е отфрлена согласно со член 5 став (4) од Правилникот за постапување по претставки, предлози и иницијативи за поведување дисциплинска постапка против нотар, заменик нотар и нотар кој привремено ја врши службата на Нотарската комора на Република Северна Македонија (Известување УПП бр. 25/2025 од 12.07.2025 година).

**Не е во согласност со член 40 став (2) од Законот за нотаријатот кога на крајот од изворникот на нотарската исправа за потврдување (солемнизација) на приватна исправа за дар на недвижен имот, над потписот на нотарот, едниот учесник - дарувачот има рачно напишано само свое име и презиме, меѓутоа недостасува неговиот своерачен потпис.**

## Од образложението:

Во Предлогот за поведување дисциплинска постапка против нотарот Н. Н., доставен од страна на Министерство за правда бр. ... до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, се укажува дека нотарот постапувајќи на начин опишан во сентенцијата сторил дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 12) од Законот за нотаријатот, со предлог да му биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на постапката, Дисциплинскиот совет ја утврди следнава фактичка состојба: На ден 21.09.2021 година, под ОДУ бр. 951/21 нотарот Н. Н. потврдил (солемнизирал) приватна исправа - Договор за дар на недвижен имот, во кој на крајот на изворникот на нотарската исправа, но над потписот на нотарот, рачно е напишано само името и презимето на дарувачот Б. З., но нема негов своерачен потпис.

Ваквото постапување на нотарот Н. Н. не е во согласност со член 40 став (2) од Законот за нотаријатот, според кој на крајот од изворникот на нотарската исправа, но над потписот на нотарот, со потпис и рачно напишано име и презиме се потпишуваат сите учесници кои учествувале при составувањето на нотарската исправа, а на кој начин, според утврденото, не е постапено.

При утврдување на правната квалификација на сторената дисциплинска повреда, Дисциплинскиот совет се раководи со член 25 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, според кој не е врзан за предлозите на подносителот на предлогот за поведување дисциплинска постпка, во поглед на правната оцена на дисциплинската повреда. Според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, во конкретниов случај, нотарот Н. Н. со дејствието опишано во сентенцијата сторил дисциплинска повреда од наведениот член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот - „непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа“, а не и повреда од член 140 став (1) алинеја 12) од истиот закон, на која се укажува во Предлогот за поведување дисциплинска постапка.

Дисциплинскиот совет ја ценеше изнесената одбрана од страна на нотарот Н. Н., меѓутоа оцени дека е неоснована. Имено, во врска со сторената дисциплинска повреда, законската одредба од член 40 став (2) од Законот за нотаријатот е наполно јасна и не создава никакви дилеми при нејзината примена. Наводот во изнесената одбрана дека дарувачот е повозрасно лице кое го потпишало целото име и презиме, но дел од потписот е нечитлив, е неоснован. Предното поради тоа што од приватната исправа – Договор за дар на недвижен имот, склучен на ден 21.09.2021 година, кој е предмет на потврдување (солемнизација), е видно дека дарувачот Б. З. истиот го потпишал со свој јасен скратен потпис, кој е содржан и во Книга на потписи (стр. 1219), како и во сите други прилози кон нотарската исправа. Таков потпис, според утврденото, недостасува на нотарската исправа ОДУ бр. 951/21 од 21.09.2021 година.

По оцена на околностите на кои упатува член 133 став (2) од Законот за нотаријатот и член 23 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, спрема нотарот Н. Н., согласно со член 139 став (1) од наведениот закон, е изречена дисциплинска мерка - јавна опомена.

(Решение на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП бр. 3/2024 од 28.05.2024 година).

# ГЛАВА VI >>

## ЈАВНИ ОПОМЕНИ

## ДП бр. 11/2025

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 139 став (2) и член 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП бр. 11/25 од 22.1.2026 година, спрема нотарот С. Л. за подрачје на Основните судови на Град Скопје, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, е изречена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

## ДП бр. 17/2025

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 139 став (2) и член 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП бр. 17/25 од 28.1.2026 година, спрема нотарот П. Т. за подрачје на Основниот суд во Тетово, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, е изречена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

## ДП бр. 20/2025

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 139 став (2) и член 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ" бр. 72/16, 142/16 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП бр. 20/25 од 12.2.2026 година, спрема нотарот Н. А. за подрачје на Основниот суд во Прилеп, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, е изречена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

# ГЛАВА VII

## ИНФОРМАЦИИ ЗА НОТАРИ


НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE DU NORD
ИМЕНИК
НА НОТАРИТЕ
Нотарска комора на Република Северна Македонија
1000 Скопје, бул. „8 Септември“ бр. 2
Тел.: +389 2 3115 816
Секретар (лице за контакт): моб.: +389 78 219 867
e-mail: contact@nkrm.mk • www.nkrm.org.mk

## 1000 СКОПЈЕ ++389
## НОТАРИ СО СЛУЖБЕНО СЕДИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

| # | СЛИКА | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | АДРЕСА | ТЕЛ./ФАКС |
|---|---|---|---|---|
| 01 |  | **Анита<br>АДАМЧЕСКА** | Васил Главинов<br>3-3/2 | 02/3225-365<br>070/740-461<br>anita_notar@yahoo.com |
| 02 |  | **Мајљинда<br>АЈДАРИ** | Крсте Мисирков<br>918/1/1-8 | 02/3203-907<br>070/374-284<br>majlinda.ajdari@gmail.com |
| 03 |  | **Фатмир<br>АЈРУЛИ** | Њуделхиска<br>15А-1/1Б | 02/2656-866<br>076/260-053<br>fatmirajruli@gmail.com |
| 04 |  | **Анета<br>ПЕТРОВСКА<br>АЛЕКСОВА** | Плоштад Македонија<br>Никола Вапцаров<br>3/1 | 02/3114-008; 02/3165-018<br>078/307-922; 070/307-922<br>aneta@notari-petrovski.mk<br>beti@notari-petrovski.mk |
| 05 |  | **Башким<br>АМЕТИ** | Ѓорче Петров 33А | 02/2051-419<br>070/444-400<br>notar.ameti@gmail.com |
